Централна кооперативна банка АД Скопје

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА

# ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД СКОПЈЕ

# ВО 2020 ГОДИНА

Скопје, април 2021 година

**Содржина:**


*1. МАКРОЕКОНОМСКОТО ОПКРУЖУВАЊЕ И ДЕЛОВНАТА АКТИВНОСТ НА БАНКАТА* ..... 3

*2. РАБОТЕЊЕТО НА ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД СКОПЈЕ* ..... 5

**2.1. Корпоративно управување** ..... 5
2.1.1. Собрание на акционери ..... 6
2.1.2. Надзорен одбор ..... 6
2.1.2.1. Извршување на надзорната функција ..... 8
2.1.3. Одбор за ревизија ..... 9
2.1.4. Управен одбор ..... 10
2.1.5. Одбор за управување со ризици ..... 11
2.1.6. Кредитен одбор ..... 12
2.1.7. Организациска структура ..... 13
2.1.8. Акционерски капитал и сопственичка структура ..... 13
2.1.9. Кодекс за корпоративно управување ..... 14
2.1.10. Политика за судир на интереси ..... 15
2.1.11. Политика за наградување на вработените ..... 15

**2.2. Деловно - финансиско работење** ..... 16
2.2.1. Показатели за профитабилност ..... 16
2.2.2. Финансиски резултати ..... 17
2.2.3. Финансиска позиција на Банката ..... 21

**2.3. Управување со ризиците** ..... 23
2.3.1. Управување со кредитен ризик ..... 24
2.3.2. Управување со валутен ризик ..... 26
2.3.3. Управување со ликвидносен ризик ..... 26
2.3.4. Ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности ..... 27
2.3.5. Оперативен ризик ..... 28

**2.4. Законската регулатива во Република Северна Македонија во 2020 година** ..... 30
2.4.1. Позначајни измени во регулативата во 2020 година ..... 30
2.4.2. Усогласеност со законската регулатива ..... 32

**2.5. Деловно работење на Банката по одделни сегменти** ..... 33
2.5.1. Кредитирање население ..... 33
2.5.2. Картично работење ..... 33
2.5.3. Кредитирање правни лица ..... 34
2.5.4. Кредитна администрација ..... 35
2.5.5. Денарски платен промет ..... 35
2.5.6. Платен промет со странство ..... 36
2.5.7. Служба за деловна мрежа ..... 37
2.5.8. Трезорско работење ..... 38
2.5.9. Информатичка технологија ..... 38
2.5.10. ОСИС ..... 39
2.5.11. Спречување на перење пари и финансирање тероризам ..... 39
2.5.12. Човечки ресурси ..... 40
2.5.13. Финансиска контрола ..... 41
2.5.14. Внатрешна ревизија ..... 41

***Прилог 1: Биланс на успех*** ..... 44

***Прилог 2: Биланс на состојба*** ..... 45

***Прилог 3: Организациска шема*** ..... 46

***Прилог 4: Податоци за членовите на одборите*** ..... 47

***Прилог 5: Изјава за примена на кодекс за корпоративно управување*** ..... 54

## 1. МАКРОЕКОНОМСКОТО ОПКРУЖУВАЊЕ И ДЕЛОВНАТА АКТИВНОСТ НА БАНКАТА

Деловната активност на Банката ја одбележува исклучително тешко макрокекономско окружување настаното со појавата на непознат корона-вирус, кој се прошири на глобално ниво и чие распространување не губи од интензитетот и до денот на одобрувањето на овој извештај.

На 11 март 2020 година, Светската здравствена организација епидемијата предизивикана од корона-вирусот, ја прогласи за пандемична. Многу земји во светот ги затворија границите, го ограничија протокот на луѓе и добра и воведоа задолжителен карантин при влез од земја прогласена за епидемиолошко жариште.

Согласно со проценките на Меѓународниот монетарен фонд, **глобалниот пад** на економијата за 2020 година е проценет на -3,5%. Стапката на опоравување е проектирана да варира во зависност од различните економии во зависност од условите за медицински интервенции, ефективноста на мерките на поддршка, но и од структурните карактеристики пред почетокот на кризата. Иако одобрените вакцини ја подигаат надежта за пресврт на пандемијата во текот на следната година, повторните бранови и новите видови на вирусот предизвикуваат загриженост на исходот. [1]

**Еврозоната** не остана имуна на глобалните текови. Годишната стапка на економскиот пад во еврозоната за 2020 година изнесува 6,8%, наспроти оствареniот раст од 1,2% претходната година. Оцените за првиот квартал на 2021 година укажуваат на натамошен тренд на годишен пад во услови на продолжени рестриктивни мерки за спречување нов бран на ширењето на вирусот Ковид-19. Истражувањата покажуваат на послаба активност, пред сè, во услужниот сектор додека оценките за индустријата и понатаму упатуваат на раст.[2]

Најновите проекции на Меѓународниот монетарен фонд со несигурност упатуваат на предвидување глобалната економија да оствари стапка на раст од 5,5% во 2021 година и 4,2% во 2022 година. Во публикацијата посветена на перспективите на светската економија, Меѓународниот монетарен фонд дава посебен осврт на несогледивите штетни влијанија врз светската економија предизвикани со појавата на пандемијата Ковид-19.

**Македонската економија** има висок степен на трговска отвореност и како таква е под силно влијание на меѓународните трговски текови и политики, а посебно на тековите од еврозоната, имајќи ги предвид тековите во Германија, како најголем трговски партнер.

Од 18 март 2020 година, македонската економија функционираше во услови на вонредна состојба и, во такви околности, Владата и Народната банка на Република Северна Македонија донесоа низа мерки за олеснување на функционирање на банките и олеснување на исплатата на кредитите од страна на физички и на правни лица кои се најпогодени од кризата. Следејќи ги овие регулаторни измени, банките објавија јавни понуди до своите клиенти - физички лица и поединечни понуди до правните лица, за можноста за одложување на плаќање на кредитните обврски за период од 6 месеци.

Макроекономското окружување во 2020 година е претставено со:

---

[1] World Economic Outlook, IMF, released in January 2021
https://www.imf.org/en/Publications/WEO/Issues/2021/01/26/2021-world-economic-outlook-update
[2] Народна Банка на Република Македонија - Најнови макроекономски показатели февруари 2021

Реален пад на македонската економија од 4,5% (проектирана стапка на пад од 4,9%)[3];

Стапка на инфлација во 2020 година од 1,9%;

Официјални девизни резерви во износ од 3.359,9 милиони евра што означува раст од 98,4 милиони евра.

Во време кога сè уште има негативни ефекти од пандемијата на Ковид-19 врз домашната економија, а нивото на девизни резерви е солидно и нема инфлациски притисоци, монетарната поставеност и натаму има приспособлив карактер. По намалувањата во три наврати од почетокот на годината, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на историски најниското ниво од 1,5% . Досегашното олеснување на монетарната политика придонесе за поддршка на кредитните текови во економијата и зголемување на ликвидноста во банкарскиот систем.

**Македонскиот банкарски систем** во 2020 година, според оцените на ММФ, останува добро капитализиран и профитабилен, но во иднина капацитетот на банките за давање заеми се очекува да се намали поради веројатно влошување на квалитетот на средствата. Важно е да се одржи стрикната квалификација на заемите и правилата на обезбедување за да се осигура дека банките имаат на страна доволно резерви за да ги покријат потенцијалните загуби. [4]

Кредитната активност на банкарскиот сектор е важен фактор за поддршка и зголемување на економскиот раст на националната економија. На годишна основа, вкупните кредити во декември се повисоки за 4,7%. Од секторски аспект растот и понатаму во поголем дел произлегува од растот на кредитите на домаќинствата при помал позитивен придонес и на кредитите на претпријатијата. Во однос на валутната структура поголем придонес имаат кредитите во домашна валута при позитивен придонес и на кредитите во странска валута.

Од аспект на депозитната база, на годишна основа, вкупните депозити во декември се повисоки за 5,7%, за што најголем придонес има зголемувањето на депозитите како на домаќинствата така и на претпријатијата при негативен прираст на останатите сектори, а според валутната структура депозитите во домашна валута при мал позитивен придонес на зголемување на депозитите во странска валута.

Македонскиот банкарски систем во 2020 година го сочинуваат 14 банки.

Бројот на овие институции е намален во однос на претходната година, како последица на издаденото Решение за укинување на дозволата за основање и работење на Еуростандард банка АД Скопје од страна на Народната банка. Следствено, се намали и бројот на банки во претежна странска сопственост (којшто изнесува десет банки), додека бројот на подружници на странски банки остана ист (шест банки).5

Во блиска иднина, се очекува да дојде до натамошно намалување на бројот на субјекти во банкарскиот сектор. Така, Комисијата за хартии од вредност на РС Македонија донесе Решение со кое понудата за преземање на Охридска банка АД Скопје дадена од Штајермеркише Банк унд Шпаркасен АГ Грац, Австрија (Steiermärkische Bank und Sparkassen AG), се утврдува за успешна. Интеграцијата на Охридска банка со Шпаркасе банка Македонија се очекува да се случи во вториот квартал од 2021 година. Двете банки, во текот на 2020 година функционираа како одделни правни субјекти на пазарот.

***Табела 1: Показатели за работењето на банкарскиот сектор во 2020 г.***

---

[3] Народна Банка на Република Македонија - Најнови макроекономски показатели март 2021

[4] https://www.imf.org/en/News/Articles/2020/11/19/pr20347-north-macedonia-imf-staff-concludes-virtual-visit

[5] ИЗВЕШТАЈ ЗА РИЗИЦИТЕ ВО БАНКАРСКИОТ СЕКТОР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ТРЕТИОТ КВАРТАЛ ОД 2020 ГОДИНА

Во милиони денари

| **Показатели** | **Средни банки (СБ)** | **Банкарски сектор (БС)** | **ЦКБ** | **ЦКБ/СБ** | **ЦКБ/БС** |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупна актива | 119,069 | 585,501 | 10,567 | 8.87% | 1.80% |
| Капитал и резерви | 13,377 | 68,175 | 1,242 | 9.28% | 1.82% |
| Вкупни депозити на нефинансиски субјекти | 67,669 | 430,870 | 7,340 | 10.85% | 1.70% |
| Бруто-кредити на нефинансиски субјекти | 75,037 | 353,502 | 7,246 | 9.66% | 2.05% |
| Финансиски резултат | 886 | 7,252 | 17 | 1.92% | 0.23% |

*Извор: НБРМ – Основни показатели за работењето на банките: состојба на 31.12.2020 година.[6]

## 2. РАБОТЕЊЕТО НА ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД СКОПЈЕ

### 2.1. Корпоративно управување

Корпоративното управување на Банката како збир од заемни односи меѓу Управниот одбор, Надзорниот одбор, другите лица со посебни права и одговорности кои извршуваат раководна функција во Банката, акционерите на Банката и останатите заинтересирани субјекти во ЦКБ АД Скопје се заснова на принципите на одговорност, транспарентност и контрола во одлучувањето и во секојдневното работење и известување за состојбите во Банката. Корпоративното управување на Банката е олицетворено преку органите на Банката кои имаат клучна улога во нејзиното ефикасно работење.

Во текот на 2020 година, со Банката се управуваше преку статутарно утврдени органи со права и обврски кои се предвидени со Законот за банките и со Законот за трговските друштва, и тоа:

- Собрание на акционерите,
- Надзорен одбор,
- Одбор за ревизија,
- Управен одбор,
- Одбор за управување со ризици,
- Кредитен одбор.

Во 2020 година, Централна кооперативна банка АД Скопје работеше со стремеж за добри резултати, управување и стабилност, навремено и точно известување на Народната банка на РСМ, квалитетно и континуирано управување со пазарните ризици, планирање нови и развој на постоечки производи и услуги на пазарот, усогласување на актите и политиките со измените во законската и подзаконската регулатива, заштита на информативниот систем, усогласување на каматните стапки и тарифата со општите услови на пазарот, како и наплата на проблематични побарувања.

Активностите генерално беа насочени кон следење на визијата Банката да остане во групата на средни банки во Република Северна Македонија и да биде сигурен и конструктивен партнер на секој нејзин клиент. Дејностите беа ориентирани кон остварување на нејзината мисија - да креира

[6] ПОДАТОЦИ И ПОКАЗАТЕЛИ ЗА БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 31.12.2020 година

трајни врски со клиентите и подлабоко да навлезе на македонскиот пазар преку финансирање мали и средни претпријатија и физички лица, како и понуда на современи финансиски услуги кои ги исполнуваат највисоките професионални стандарди, притоа стремејќи се да одржува позитивна и стимулативна работна атмосфера и да ги поттикнува иницијативите и да ги наградува реалните резултати и успеси.

### 2.1.1. Собрание на акционери

Собранието на акционерите на Централна кооперативна банка АД Скопје во рамките на своите надлежности ги врши сите работи утврдени со законските прописи и со Статутот на Банката. На 28.2.2020 година, акционерите на ЦКБ АД Скопје одржаа седница на Вонредно собрание. На истата се донесе одлука за повторно именување на Љубен Нанов како независен член на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје, по добивање Решение за претходна согласност од НБРСМ.

На 29.5.2020 година се одржа седница на Годишното собрание на акционерите, на којашто беа усвоени повеќе редовни извештаи согласно со законските обврски и со Статутот на Банката, и тоа:

- Годишниот извештај за работењето на Централна кооперативна банка АД Скопје во 2019 година, со писмено мислење по истиот, изготвено од страна на Надзорниот одбор и Предлог-одлука за усвојување на Годишниот извештај и Мислењето;
- Годишната сметка со состојба на 31.12.2019 година и финансиските извештаи на Банката за 2019 година, со Предлог-одлука за усвојување на истите;
- Извештајот на Друштвото за ревизија „Грант Торнтон“ ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на Централна кооперативна банка АД Скопје, изготвени за годината што завршува на 31.12.2019 година, со Писмено мислење од Надзорниот одбор за Извештајот на Друштвото за ревизија и Предлог-одлука за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија и мислењето од Надзорниот одбор;
- Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор во 2019 година, со Оцена на сопствената работа во 2019 година, од аспект на поединечните членови и колективно и Предлог-одлука за усвојување на Извештајот на Надзорниот одбор.

Исто така, на Годишното собрание беа донесени повеќе одлуки, меѓу кои:
- Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка во 2019 година;
- Одлука за усвојување на Предлогот на Одборот за ревизија за назначување друштво за ревизија за 2020 година;
- Одлуки за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор во 2019 година, и
- Одлуки за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор во 2019 година.

### 2.1.2. Надзорен одбор

Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје претставува самостоен и независен орган кој своите надлежности ги извршува согласно законските прописи, Статутот на ЦКБ АД Скопје и Кодексот за корпоративно управување. Надзорниот одбор ги усвојува деловната политика и развојниот план на Банката и го следи нивното спроведување, ги одобрува и донесува политиките за вршење финансиски активности и го надгледува нивното спроведување, ги одобрува и ги донесува плановите, програмите и другите општи акти врз основа на кои работи Банката, постојано го следи нејзиното работење, ги следи и ги анализира извештаите на супервизорската контрола над ЦКБ АД Скопје и други извештаи од Народната банка на РСМ и презема други мерки за усогласување и работење на Банката согласно со законските и подзаконските прописи. Одговорен е да обезбеди добро работење, управување и стабилност на ЦКБ АД Скопје, како и навремено и точно финансиско известување на надлежните институции.

Во рамките на овие надлежности, Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје во текот на 2020 година работеше со стремеж за добро работење, управување и стабилност на Банката, навремено и точно известување на Народната банка на Република Северна Македонија, квалитетно и континуирано управување со пазарните ризици, планирање нови и развој на постоечки производи и услуги на пазарот, усогласување на актите и политиките со измените во законската и подзаконската регулатива, заштита на информативниот систем, усогласување на каматните стапки и тарифата со општите услови на пазарот. Работата беше ориентирана кон остварување на целите за зголемување и подобрување на квалитетот на кредитното портфолио, вршење ефикасна контрола врз процесите на работа, минимизирање на оперативните ризици, постигнување определени финансиски и организациски резултати.

Активностите генерално беа насочени Банката да биде сигурен и конструктивен партнер на секој нејзин клиент. Дејностите беа ориентирани кон остварување на нејзината мисија - да креира трајни врски со клиентите и подлабоко да навлезе на македонскиот пазар преку финансирање мали и средни претпријатија и физички лица, како и понуда на современи финансиски услуги кои ги исполнуваат највисоките професионални стандарди, притоа стремејќи се да одржува позитивна и стимулативна работна атмосфера и да ги поттикнува иницијативите и да ги наградува реалните резултати и успеси.

Работењето на Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје во текот на 2020 година се одвиваше во услови коишто се последица на ширењето на корона-вирусот SARS-CoV-2. Надзорниот одбор во текот на 2020 година беше ориентиран кон остварување на основните стратешки цели, и тоа: одржување во групата на средни банки во банкарскиот сектор на Република Северна Македонија, на најефикасен начин да обезбеди висококвалитетни производи и услуги во пресрет на потребите на клиентите и да оствари позитивна стапка на поврат на капиталот и задоволителен принос на акционерите на Банката.

Централна кооперативна банка АД Скопје во текот на 2020 година настојуваше:

- да има одржлив раст на кредитите и да ја зајакне својата пазарна позиција во националната економија;
- да дефинира политики и процедури за усогласување на работењето со најдобрите меѓународни практики и закони;
- да одржува висок квалитет на кредитното портфолио и задоволително ниво на покриеност со резервации;
- одржување стабилно депозитно јадро и висок степен на ликвидност, и
- одржување на ризичните позиции во рамките на лимитите утврдени од страна на Народната банка на РСМ, како и во рамките на интерните лимити.

Со цел подобрување на севкупната финансиска позиција на Банката, Надзорниот одбор донесе бројни одлуки, меѓу кои и одлуки од доменот на кредитирањето и вршеше измени и дополнувања на параметрите на постоечките продукти во насока на подобрување на условите за клиентите.

Надзорниот одбор на своите седници полноправно одлучуваше согласно со законските и подзаконските прописи, Статутот на Банката и Деловникот за работа на Надзорниот одбор, одлуките ги донесуваше со мнозинство гласови.

Во 2020 година, Надзорниот одбор одговорно ги вршеше своите активности во насока на обезбедување добро работење, управување и стабилност на Банката, како и навремено и точно финансиско известување на Народната банка на РСМ.

Надзорниот одбор како орган на Централна кооперативна банка АД Скопје е именуван од страна на Собранието на акционерите, по добивање претходна согласност од гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија. Собранието на акционерите ги именува и разрешува членовите на Надзорниот одбор.

На седницата на Вонредното собрание на акционерите на Централна кооперативна банка АД Скопје, одржана на 28.2.2020 година, се донесе Одлука за повторно именување на лицето Љубен Нанов за независен член на Надзорниот одбор, со оглед на истекувањето на неговиот мандат. Истиот беше именуван со мандат во траење од 4 (четири) години, сметано од денот на добивање на претходна согласност од гувернерот на НБРСМ.

Потоа Надзорниот одбор продолжи да работи во следниот состав:

- Тихомир Ангелов Атанасов – претседател, со мандат до 31.7.2022 год.;
- Георги Димитров Константинов – заменик-претседател, со мандат до 31.7.2022 год.;
- Христо Георгиев Христов - член, со мандат до 31.7.2022 год.;
- Љубен Лилјанов Нанов – независен член, со мандат до 4.6.2024 год., и
- Киро Костов - независен член, со мандат до 25.9.2022 год.

При изборот на независните членови во целост се испочитувани критериумите за независност, утврдени со Законот за банките.

Во текот на 2020 година, на членовите на Надзорниот одбор, Банката им исплати вкупен фиксен надомест во висина од 1,953 илајди денари.

#### 2.1.2.1. Извршување на надзорната функција

Во извршувањето на своите законски и статутарни надлежности, Надзорниот одбор постојано го следеше работењето на Банката и ги разгледуваше месечните извештаи на Управниот одбор за остварените финансиски резултати, ги следеше движењето на сите финансиски показатели, Билансот на состојба, Билансот на успех, профитабилноста и ликвидноста, кредитното портфолио, депозитите на правни и физички лица, остварените приходи и расходи со нивната структура, сопствените средства, стапката на адекватност на капиталот, причините за промените во портфолиото и сите останати значајни прашања од работењето на Банката. Надзорниот одбор редовно соработуваше со Управниот одбор и остваруваше постојан надзор врз работењето и органите на Банката. Ги следеше ликвидноста, ризиците, другите значајни параметри за успешно остварување на функциите на истата и квалитетот на кредитното портфолио. Во услови на пандемијата предизвикана од Ковид-19 Банката ги презеде и ги почитуваше сите пропишани мерки, согласно со донесените уредби на Владата на РСМ.

Во извештајниот период Надзорниот одбор вршеше надзор преку:

- редовно разгледување на извештаите на Управниот одбор за работењето на Централна кооперативна банка АД Скопје, извештаите за работењето на Управниот одбор на Банката, извештаите на Одборот за управување со ризиците, на Одборот за ревизија, Службата за внатрешна ревизија, Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите, Службата за спречување перење пари и финансирање тероризам, на лицето одговорно за сигурност на информативниот систем, Дирекцијата за анализа и управување со кредитниот ризик, извештаите за износ и вид на преземени средства на Банката; извештаите за одобрени исклучоци во каматни стапки при исплатени кредитни производи; кварталните извештаи за исплатени кредити коишто отстапуваат од стандардните кредитни производи, извештаите за клиенти на Банката кај коишто е идентификувано влошување на финансиската способност; кварталните извештаи за извршени трансакции со поврзани лица;

- одобрување на изложеност кон лица од над 20% од сопствените средства на Банката, со исклучок на изложеност врз основа на купување хартии од вредност издадени од Народната банка на РСМ;
- одобрување трансакции со поврзани лица со Банката во износ од над 6.000.000 денари;
- анализа на кредитното портфолио на физички лица;
- усвојување на Финансискиот план на Банката, одобрување на плановите и програмите за работа и Годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија;
- одобрување на Годишната сметка и на финансиските извештаи на Банката;
- усвојување на политиките за управување со ризиците, плановите и програмите за работа и општите интерни акти на Банката, освен актите што ги донесува Собранието на акционерите;
- разгледување на извештаите на супервизијата, други извештаи и записници, доставени од Народната банка, Управата за јавни приходи и други надлежни институции и преземање мерки и активности за надминување утврдени неусогласености и слабости во работењето на Банката;
- разгледување на Годишниот извештај за работењето на ЦКБ АД Скопје;
- други активности согласно со законската и подзаконската регулатива, Статутот и интерните акти на Банката.

Во периодот јануари-декември 2020 година, Надзорниот одбор во рамките на своите надлежности донесе определен број акти и ја оцени соодветноста на некои од постоечките, со кои се одобруваат деловните политики и стратегии во банкарското работење, како и други акти поврзани со работењето на Банката.

Во известувачкиот период Надзорниот одбор работеше во услови на светска пандемија со корона-вирусот SARS-CoV-2. Истиот одржа вкупно четиринаесет седници, од кои две со физичко присуство, една видеоконференциска и единаесет на кореспондентски начин. Надзорниот одбор на сите свои седници одлучуваше согласно со Законот за банките, Законот за трговските друштва, Статутот на Банката и Деловникот за работа на Одборот, а одлуките ги донесуваше со мнозинство гласови.

Во најголемиот дел од 2020 година Надзорниот одбор на Банката работеше во состав од пет члена и сите членови придонесоа за успешно извршената работа на Надзорниот одбор. На седниците на Надзорниот одбор редовно присуствуваа членовите на Управниот одбор на Банката.

### 2.1.3. Одбор за ревизија

Одборот за ревизија на Централна кооперативна банка АД Скопје е составен од 5 (пет) члена со мандат од четири години, и тоа:

- Георги Константинов – претседател, со мандат до 22.5.2022 год.;
- Соња Чулева – заменик-претседател, независен член, со мандат до 22.5.2021 год.;
- Тихомир Атанасов - член, со мандат до 22.5.2022 год.;
- Христо Христов - член, со мандат до 22.5.2022 год., и
- Власте Савевски - независен член, со мандат до 22.5.2021 год.

Тројца од членовите на Одборот за ревизија се избрани од редот на членовите на Надзорниот одбор, а останатите двајца се независни членови, од кои еден е овластен ревизор.

Одборот за ревизија во 2020 година одржа вкупно единаесет седници, од кои две со физичко присуство, една видеоконференциска и осум на кореспондентски начин. Во најголемиот

дел од 2020 година Надзорниот одбор на Банката работеше во состав од пет члена, а одлуките ги донесуваше со мнозинство гласови. На седниците на Одборот за ревизија редовно присуствуваа членовите на Управниот одбор на Банката.

Одборот за ревизија во текот на 2020 година остваруваше континуирана соработка со Надзорниот одбор на Банката, Управниот одбор, Службата за внатрешна ревизија и Друштвото за ревизија. За своите активности и надлежности, Одборот за ревизија на месечно ниво го известуваше Надзорниот одбор на Банката и даваше мислења по прашањата од истиот.

Одборот за ревизија ја контролираше усогласеноста на сметководствените политики и процедури со Законот за банките и другите прописи, ги разгледуваше финансиските извештаи на Банката и се грижеше за точноста и транспарентноста на објавените финансиски извештаи на истата согласно со прописите за сметководство и меѓународните сметководствени стандарди.

Во текот на 2020 година, на членовите на Одборот за ревизија, Банката им исплати вкупен фиксен надомест во висина од 1,645 илајди денари.

### 2.1.4. Управен одбор

Управниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје се состои од три лица кои се подеднакво одговорни за работата на Банката и обврските кои ги презема Банката. Членовите на Управниот одбор се именувани и разрешувани со мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на Надзорниот одбор за период од 4 години. Со Одлуката за именување членови на Управен одбор се именува и претседател на Управниот одбор кој е од редот на именуваните членови на Управниот одбор. Во текот на 2020 година, Управниот одбор работеше во следниот состав:

1. Неделин Валчев – претседател, со мандат до 21.12.2021 година;
2. Орце Трајковски – член, со мандат до 21.12.2021 година, и
3. Станимир Станчев – член, со мандат до 16.5.2021 година.

Претседателот на Управниот одбор, Неделин Валчев, исто така, ги извршуваше и функциите претседател на Кредитниот одбор на Банката и член на Одборот за управување со ризици. Членот на Управниот одбор, Орце Трајковски, ја извршуваше и функцијата заменик-претседател на Кредитниот одбор; додека, пак, Станимир Станчев, освен што беше член на Управниот одбор, исто така, беше и член на Одборот за управување со ризици.

Во текот на минатата година, Управниот одбор соработуваше со Надзорниот одбор на Банката и редовно присуствуваше на неговите седници, при што даваше бројни предлози за унапредување на работењето на Банката, како и почитување на законските рокови и почитување на регулативата. Известуваше за оперативното работење на Банката преку своите месечни извештаи и тоа од аспект на финансиските остварувања, во кои е опфатен преглед на активностите на одделните дирекции, финансиските резултати/остварените приходи и расходи/по различни основи, анализа на успешните сметки и преглед на Билансот на состојба на Банката. Ги разгледуваше активностите на кредитирање, кредитната изложеност на физички и правни лица, картичното работење, депозитната база, просечните месечни движења на депозитите, како и платниот промет со странство. Управниот одбор разгледуваше и други значајни аспекти од работењето на Банката, како што се: задолжувањата за продажба на недвижностите кои не се во функција на работењето на Банката, известување за трансакции извршени помеѓу лица поврзани со ЦКБ АД Скопје и др.

Во 2020 година, Управниот одбор одржа вкупно 12 (дванаесет) седници, на кои се разгледуваа месечни извештаи, се донесуваа одлуки за разни кредитно-гаранциски работи, односно одобрување на рамковни-револвинг, долгорочни, краткорочни кредити и банкарски гаранции, за физички и за правни лица. Во текот на минатата година, Управниот одбор на Банката донесе и ревидираше голем број правилници, процедури, планови и други акти. Управниот одбор на сите свои седници полноправно одлучуваше согласно со законските и подзаконските прописи, Статутот на Банката и Деловникот за работа на Управниот одбор, како и редовно следење на постапувањето по препораките и мерките од страна на НБРСМ.

На седниците на Управниот одбор се разгледуваа предлог-одлуки за продолжување на рокот во кој ќе важат промотивните услови за кредитни продукти на Банката, со цел понуда на атрактивни производи и привлекување нови клиенти и истите се доставуваа до Надзорниот одбор за нивно одобрување. На седниците на Управниот одбор се донесуваа одлуки и предлог-одлуки за одобрување разни кредитни изложености во негова надлежност, а по Предлог-одлука на Кредитниот одбор на Банката. Се одобрија одлуки за прифаќање бројни понуди за користење услуги и набавка на добра, потребни за работењето на Банката.

Почитувајќи ги принципите за создавање објективни критериуми за оценување на секој вработен, ангажиран со продажба на кредитни производи на физички и правни лица, Управниот одбор преку неутрални, позитивни и негативни мотивирачки мерки ги наградуваше, односно ги санкционираше вработените сообразно со постигнатото, а со цел поттикнување на иницијативата, колективната работа и стремеж за подобри разултати.

### 2.1.5. Одбор за управување со ризици

Одборот за управување со ризици во 2020 година работеше во следниот состав:

1. Неделин Валчев – претседател на Управен одбор;
2. Станимир Станчев – член на Управен одбор;
3. Борка Цветановска – директор на Дирекцијата за парични пазари и ликвидност;
4. Жаклина Мариќ – директор на Дирекцијата за  анализа и управување со ризици;
5. Вукота Чукиќ – директор на Дирекција за информатички технологии;
6. Драги Рајковски – директор на Дирекцијата за платни системи и операции.

Мандатот на членовите, согласно со Статутот на Банката е две години од нивното именување, односно до мај 2021 година. Сите членови на Одборот за управување со ризици се избрани од редот на лицата со посебни права и одговорности вработени во Банката, ги исполнуваат условите предвидени со Законот за банките и имаат искуство во областа на банкарството најмалку од три години. Освен во споменатите одбори, членовите на Одборот за ризици не членуваат во други одбори на управување и надзор.

Одборот во периодот јануари–декември 2020 година одржа вкупно 54 /педесет и четири/ седници, од кои 12 со физичко присуство и 42 преку електронска комуникација поради новонастанатата ковид-пандемија. На истите беа разгледувани повеќе прашања од делокругот на работење на ОУР.

На секоја од седниците беше разгледувано исполнувањето на задолжителната резерва на Банката и управувањето со вишокот денарски и девизни средства, како и отворената девизна позиција на Банката. Исто така, на секоја седница, Одборот за управување со ризици ја разгледуваше информацијата за исполнување на ликвидносниот показател „Ликвидна актива/депозити на население“ согласно со добиените препораки од НБРСМ.

На месечно ниво беа разгледувани извештаи за управување со кредитен, валутен, оперативен ризик, ризик од промена на каматни стапки, потоа ликвидносен ризик, правен, стратегиски и репутациски ризик, како и извештаи од работењето на Дирекциите за продажба на правни и физички лица.

На квартална основа беа разгледувани Извештајот за трансакции на поврзани лица и Извештајот за движење на ризични позиции.
Исто така, беа разгледувани сите интерни акти (политики, стратегии, методологии) за кои постои обврска за годишно ревидирање, потоа правилници за спроведување стрес-тестирања, како и резултатите од спроведените стрес-тестирања, се разгледуваа повеќе промени во регулативата,

Извештајот од извршената БИА-анализа и анализа на ризици на информативниот систем на Банката, се разгледуваа предлозите за нови кредитни и депозитни производи, разни видови анализи за конкуренцијата, извештаи за банкарскиот сектор и местото на ЦКБ АД Скопје во него, потоа се изврши оценка на системот и степенот кај секој поодделен ризик, од квантитативен и квалитативен аспект, согласно со претходно дефинирана методологија. Одборот ги следеше и измените во законската регулатива, а со особено внимание записниците и писмените предупредувања од НБРСМ, притоа давајќи предлози и сугестии за надминување на неусогласеностите во дефинираниот рок.
Одборот го следеше целокупното работење на Банката, го дефинираше и го следеше почитувањето на интерните и регулаторни лимити. За своето работење редовно, преку месечни извештаи, ги информираше Надзорниот одбор и Одборот за ревизија.

Во услови на ковид-пандемија сите извештаи и анализи кои се разгледуваа ги содржеа и ефектите врз билансите на Банката од новонастанатата состојба како и начинот на кој Банката се соочува со последиците од пандемијата.

### 2.1.6. Кредитен одбор

Во 2020 година, Кредитниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје работеше во следниот состав:

1. Неделин Валчев – претседател на Управниот одбор, претседател на Кредитниот одбор;
2. Надка Спировска – директор на Дирекцијата за правни работи, член на Кредитниот одбор;
3. Јован Здравески – директор на Дирекцијата за анализа и управување со кредитниот ризик, член на Кредитниот одбор;

и заменици-членови:

1. Орце Трајковски - член на Управниот одбор, заменик-член на Кредитниот одбор;
2. Дарко Топчов - соработник за правни работи во Дирекцијата за правни работи, заменик-член на Кредитниот одбор;
3. Билјана Максимоска – раководител на Службата за кредитен ризик и кредитни операции, заменик-член на Кредитниот одбор.

Имајќи го предвид престанокот на работниот однос во ЦКБ на лицето Билјана Максимоска како заменик-член на Кредитниот одбор, Надзорниот одбор на својата седница одржана на 9.7.2020 година го именуваше лицето Грациела Алачки Димовска како заменик-член на Кредитниот одбор од Службата за кредитен ризик и кредитни операции, со мандат од 6 (шест) месеци од датумот на назначувањето. Со тоа Кредитниот одбор продолжи да работи во следниот состав:

1. Неделин Валчев – претседател на Управниот одбор, претседател на Кредитниот одбор;
2. Надка Спировска – директор на Дирекцијата за правни работи, член на Кредитниот одбор;
3. Јован Здравески – директор на Дирекцијата за анализа и управување со кредитниот ризик, член на Кредитниот одбор;

и заменици-членови:

1. Орце Трајковски - член на Управниот одбор, заменик-член на Кредитниот одбор;
2. Дарко Топчов - стручен соработник за правни работи во Дирекцијата за правни работи, заменик-член на Кредитниот одбор;

3. Грациела Алачки Димовска – стручен соработник на Службата за кредитен ризик и кредитни операции, заменик-член на Кредитниот одбор.

Кредитниот одбор на Банката во текот на 2020 година одржа 109 (сто и девет) седници. Во известувачкиот период се донесуваа одлуки и одлуки за донесување предлози до Управниот одбор во врска со одобрување рамковни лимити, краткорочни и долгорочни кредити, банкарски гаранции и други кредитно-гаранциски работи на физички и правни лица. На седниците се разгледаа и прифатија повеќе информации, кредитни анализи и предлози и се донесоа бројни заклучоци.

### 2.1.7. Организациска структура

Организациската структура на Централна кооперативна банка АД Скопје, во 2020 година, се состои од 12 дирекции, 1 лице одговорно за сигурност на информативниот систем, 1 самостојна служба под надлежност на Надзорниот одбор, 2 самостојни служби под надлежност на Управниот одбор, 14 служби во состав на дирекции, Служба за методологија, Централа на Банката во Скопје и деловна мрежа составена од 25 деловни единици организирани во 5 филијали.

### 2.1.8. Акционерски капитал и сопственичка структура

Основната главнина на Централна коооперативна банка АД Скопје изнесува 1.397.967.480,00 денари. Таа е поделена на 553.087 обични акции со номинална вредност од 41.2069 евра, по една акција.

Во текот на 2020 година, Банката нема извршено откуп на сопствени акции.

Правата кои произлегуваат од сопственоста на овие акции се: право на учество и одлучување во Собранието на акционери на Банката, по принципот „една акција - еден глас“, право на дивиденда, право на исплата на дел од остатокот од ликвидациската, односно стечајната маса на Банката, право на информирање за состојбата на Банката, право на заштита на правата на акционерство пред судовите и други државни органи.

Бројот на акционери заклучно со 31.12.2020 година изнесува 356, од нив 129 се физички лица и 227 се правни лица.

Структурата на акционерите кои имаат сопственост која надминува 5% од издадените акции со право на глас на 31 декември 2020 и 2019 година официјално објавена и прифатена од Централниот депозитар за хартии од вредност на РС Македонија, е следната:

| Запишан капитал | Во илјади денари<br>номинална вредност | | Во %<br>право на глас | |
|---|---|---|---|---|
| **Име на акционерот** | **тековна година** | **претходна година** | **тековна година** | **претходна година** |
| Централна кооперативна банка АД Софија | 1,221,123 | 1,221,123 | 87.35 | 87.35 |
| ЦКБ Груп ЕАД Софија | 62,603 | 62,603 | 4.48 | 4.48 |
| **Вкупно** | **1,283,726** | **1,283,726** | **91.83** | **91.83** |

Согласно со измените и дополнувањата на Законот за хартии од вредност од 23.1.2013 година („Сл. весник на РМ“ бр. 13/2013) воведена е обврска за задолжителна котација на хартиите од вредност на издавачите кои не котираат на Берза. Централна кооперативна банка АД Скопје ги исполнува посебните услови за котација пропишани во Правилата за котација на Македонската берза на

хартии од вредност, па оттука акциите на Банката почнувајќи од 25.6.2013 година се котирани на официјалниот пазар на Македонска берза на потсегментот Задолжителна котација.

Банката, согласно со Правилата за котација, на Македонската берза ги објавува ценовно чувствителните информации.

### 2.1.9. Кодекс за корпоративно управување

Со Кодексот за корпоративно управување на Централна кооперативна банка АД Скопје се воспоставуваат принципите и правилата за регулирање на заемните односи меѓу Управниот одбор, другите лица со посебни права и одговорности кои извршуваат раководна функција во Банката, Надзорниот одбор, акционерите на Банката и останатите заинтересирани субјекти.

Банката при своето редовно работење во целост се придржува кон принципите на корпоративното управување утврдени во Кодексот, и тоа: јасна организациска структура на Банката со прецизно дефинирани права и одговорности на членовите на органите на надзор и управување и на другите вработени во Банката; ефикасни процедури за идентификување, мерење, следење и контрола на ризиците на кои е изложена Банката; ефикасни механизми на внатрешна контрола, кои, меѓу другото, вклучуваат детални административни и сметководствени процедури на Банката; транспарентност во работењето на Банката во однос на сите заинтересирани субјекти, во согласност со прописите и со деловната политика на Банката; системи за надзор и контрола кои се воспоставени најмалку на следните нивоа - надзор од страна на Надзорниот одбор и контрола и следење на работењето од страна на Управниот одбор; системи на внатрешна контрола; систем за интегрирано управување со ризиците; постоење функција за контрола на усогласеноста со прописите и независна внатрешна ревизија.

Банката во своето работење е усогласена со одредбите од Кодексот за корпоративно управување кои се однесуваат на постапката на свикување на Собранието на акционери, постапката на свикување на Собранието на акционери, постапката на гласање, правата на акционерите, вклучувајќи го и правото на малцинските акционери; соработката меѓу Надзорниот и Управниот одбор, видот, роковите и начините на кои Управниот одбор доставува информации и документи до Надзорниот одбор; критериумите и правилата за именување членови на Надзорниот одбор, Управниот одбор, членови на Одборот за ревизија, членови на Одборот за управување со ризиците и на Кредитниот одбор во Банката; обврските и одговорностите на Надзорниот одбор, Управниот одбор, членови на Одборот за ревизија, членови на Одборот за управување со ризиците и на Кредитниот одбор во Банката и начинот на нивната работа; критериумите и правилата за наградување на членовите на Надзорниот и Управниот одбор; улогата, значењето и делокругот на работа на Внатрешната ревизија, надворешниот ревизор и Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите; спречување судир на интереси и начинот на постапување во ситуации кога постои судир на интереси; организацијата на работењето во Банката и обелоденување информации за корпоративното управување на Банката.

Обврските, одговорностите и начинот на работа на органите на Банката утврдени во Кодексот во целост се исполнуваат од страна на членовите на органите на Банката. Членовите на органите на Банката при нивното редовно работење ги почитуваат и применуваат: законската регулатива, подзаконските акти, Статутот и другите интерни акти на Банката со кои се регулираат нивните надлежности.

Изборот на членовите на органите на Банката се врши со примена на критериумите и правилата за именување и разрешување, утврдени со Кодексот за корпоративно управување, а врз основа на законската и подзаконската регулатива.

Во 2019 година, Надзорниот одбор на Банката на својата 139 (сто и триесет и деветта) седница, одржана на 26.8.2019 година, донесе Одлука за измени и дополнувања на Кодексот за корпоративно управување на Банката.

### 2.1.10. Политика за судир на интереси

Централна кооперативна банка АД Скопје во 2020 година работеше согласно со политиката и процедурата за идентификување на потенцијалниот судир на интереси во Банката, со која се утврдени принципите кои Банката ги применува при идентификување на потенцијалните судири на интереси, како и дефинирање на мерките и активностите кои се преземаат во случаите кога постои судир на интереси. Политиката ги поставува обврските и одговорностите на лицата со посебни права и одговорности и останатите вработени во Банката по однос на избегнувањето на потенцијалниот судир на интереси. Лицата со посебни права и одговорности во Банката на секои шест месеци даваат писмена изјава за постоење, односно непостоење на нивниот личен интерес со интересот на Банката.

### 2.1.11. Политика за наградување на вработените

Централна кооперативна банка АД Скопје согласно со ревидираниот интерен акт Политика за наградување од 29.3.2019 година, ја утврдува општата рамка на наградување во целата Банка и ги дефинира основните принципи поврзани со наградувањето на вработените на јасен, транспарентен и фер систем на наградување, а особено за јасно определување и разграничување помеѓу фиксниот и варијабилниот дел од вкупниот надоместок на членовите на НО, УО и останатите лица со посебни права и одговорности и останатите вработени во Банката.
Поточно, фиксниот дел е надоместок во форма на плата и додатоци на плата, кој зависи од описот на работното место, односно од надлежностите на лицата со посебни права и одговорности, додека, пак, варијабилниот дел зависи од деловната успешност во извршувањето на работните задачи, секако, имајќи го предвид и преземеното ниво на ризик. Соодносот на фиксното и варијабилното наградување се определува во согласност со одредбите на регулаторната рамка, при што фиксниот дел од вкупниот надоместок треба да е значително повисок, односно варијабилниот дел не смее на годишно ниво да надмине 100% од фиксниот дел од вкупниот надоместок.

Во текот на 2020 година со работењето на Банката управуваа 3 членови на Управниот одбор и на бруто-основа се исплатени вкупно 8,5 милиони денари по основ на плати по менаџерски договори кој претставува фиксен дел и не е исплатен варијабилен надоместок за оваа година.

На 22 лица со посебни права и одговорности, на бруто-основа се исплатени вкупно 32.2 милиони денари за плати и плати од деловна успешност, од кои 31.59 милиони денари претставуваат фиксен и 0,63 милиони денари претставуваат варијабилен надоместок.

На останатите 227 вработени во Банката, исплатени им се вкупно 115,9 милиони денари за бруто-плати, плата од деловна успешност, регрес за годишен одмор и останати надоместоци од кои 113.7 милиони денари претставуваат фиксен и 2.2 милиони денари претставуваат варијабилен надоместок.

***Исплатен надомест на вработени во 2020 година*** ***во илјади денари***

| | **Број на вработени** | **Фиксен дел** | **Варијабилен дел** | **Бруто износ** |
|---|---|---|---|---|
| УО | 3 | 8,497 | - | 8,497 |
| ЛППО | 22 | 31,591 | 630 | 32,221 |
| Останати вработени | 227 | 113,742 | 2,167 | 115,909 |
| **Вкупно** | **252** | **153,830** | **2,797** | **156,627** |

### 2.2. Деловно - финансиско работење

Работењето на Централна кооперативна банка АД Скопје во 2020 година, иако во крајно неповолни услови, се одвиваше во насока на остварување на Деловниот и развоен план на Банката за деловната 2020 година, како и во согласност со Развојниот план на Централна кооперативна банка АД Скопје за периодот од 2019 до 2021 година, усвоен од Надзорниот одбор. Банката успеа да ги реализира поставените цели, посебно во доменот на кредитирањето на населението.

Со порастот на депозитите од други комитенти, Банката обезбеди стабилен извор на финансирање на своето деловно работење и одржување на ликвидноста на високо ниво.

Оптимална адекватност на капиталот во 2020 година, Банката обезбедува со претходно издадените 5.000 корпоративни обврзници по пат на јавна понуда, со вкупна вредност од 5 милиони евра и со годишна фиксна каматна стапка од 2,2%.

Во текот на 2020 година, Банката успеа да ја одржи својата пазарна позиција во групата на средни банки што претставува исполнување на стратешката цел на Банката.

Банката ја заврши годината како стабилна и ликвидна банка, зацврстувајќи ја довербата на своите клиенти и соработници, доследно почитувајќи ја законската регулатива.

#### 2.2.1. Показатели за профитабилност

Работењето на Банката гледано низ основните показатели за профитабилност, во споредба со одделните групи на банкарскиот сектор во Република С. Македонија е како што следува:

*Табела 2: Показатели за профитабилност на банкарскиот сектор во 2020 г.*

| ПОКАЗАТЕЛИ НА ПРОФИТАБИЛНОСТ | Големи банки 30.09.2020 | Средни банки 30.09.2020 | Мали банки 30.09.2020 | Банкарски систем 30.09.2020 | ЦКБ АД СКОПЈЕ 31.12.2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на поврат на просечната актива (ROAA) | 1.6% | 0.7% | 1.1% | 1.4% | 0.18% |
| Стапка на поврат на просечниот капитал (ROAE) | 14.0% | 6.3% | 10.6% | 12.3% | 1.54% |
| Оперативни трошоци / Вкупни редовни приходи (Cost-to-income) | 43.1% | 65.3% | 66.1% | 47.9% | 89.89% |
| Трошоци за вработени / Вкупни редовни приходи | 18.9% | 30.4% | 32.8% | 21.5% | 41.70% |
| Трошоци за вработени / Оперативни трошоци | 43.8% | 46.6% | 49.6% | 44.8% | 46.39% |
| Исправка на вредноста за финансиски и нефинансиски средства / Нето-каматен приход | 30.3% | 19.5% | 21.8% | 28.0% | 7.14% |
| Нето-каматен приход / Просечна актива | 2.8% | 2.3% | 3.2% | 2.7% | 2.66% |
| Нето-каматен приход / Вкупни редовни приходи | 63.9% | 68.7% | 61.0% | 64.6% | 72.37% |
| Некаматни приходи / Вкупни редовни приходи | 45.4% | 45.3% | 47.8% | 45.5% | 39.35% |
| Нето-каматен приход / Оперативни трошоци | 148.1% | 105.1% | 92.3% | 134.9% | 80.50% |

*Извор: НБРМ – Регулатива банкарски систем, 30.9.2020 година.

### 2.2.2. Финансиски резултати

Наспроти крајно неповолниот амбиент во кој работеше Банката, деловната 2020 година Банката ја заврши со добивка во висина од 17,022 илјади денари.

Постигнатиот позитивен финансики резултат се должи на соодветната реакција на предизивиците наметнати со здравствената криза, при што е одржан деловниот континуитет. Сите активности на Банката, како и опслужувањето на клиентите се одвиваше без прекин, строго почитувајќи ги сите препорачани мерки со цел заштита на здравјето на вработените и клиентите.

Подолу е презентиран финансискиот резултат на Банката со споредбени податоци во однос на минатата година и Финансискиот план за 2020 година. (Табела 3).

Сите податоци во табелите се дадени во илјади денари, освен ако не е поинаку нагласено.

***Табела 3: Финансиски резултати***

| Во илјади денари | Реализација | | | Пораст (пад) % | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2020 | 2019 | 2020 план | 2020/2019 | 2020/план |
| Приходи од камата | 404,607 | 406,394 | 442,862 | 0% | -8.64% |
| Расходи за камата | (124,538) | (127,846) | (136,038) | -3% | -8.45% |
| ***Нето-приходи/(расходи) од камата*** | **280,069** | **278,548** | 306,824 | 1% | -8.72% |
| Нето-приходи/(расходи) од провизии и надоместоци | 87,639 | 75,501 | 81,365 | 16% | 7.71% |
| Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики | 9,801 | 8,609 | 8,733 | 14% | 12.23% |
| Нето-приходи / (расходи) од други операции | (144,586) | (134,568) | (138,252) | 7% | 4.58% |
| Нето-приходи / (расходи) од исправка на вредноста | (19,993) | (27,728) | (28,093) | -28% | -28.83% |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа | (27) | 1,685 | 133 | -102% | -120.30% |
| ***Вкупно приходи*** | **212,903** | **202,047** | **230,710** | 5% | -7.72% |
| Оперативни расходи | (193,764) | (191,006) | (196,185) | 1% | -1.23% |
| ***Добивка/Загуба пред одaночување*** | **19,139** | **11,041** | **34,525** | 73% | -44.56% |
| Данок на добивка | (2,117) | (1,203) | (3,639) | 76% | -158.18% |
| **Добивка/Загуба по оданочување** | **17,022** | **9,838** | **30,886** | 73% | -44.89% |

Во доменот на кредитирањето, Банката бележи раст на кредитна активност, посебно во секторот домаќинства, од каде потекнуваат и најголем дел од ***приходите од камати.*** **(**Табела 4**).**

***Табела 4: Секторска структура на приходите од камата***

| Најзначајни сектори | Тековна година | | Претходна година | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | Стр.% | Износ | Стр.% | |
| Нефинансиски друштва | 50,060 | 12% | 67,163 | 17% | 75 |
| Држава | 7,027 | 2% | 5,523 | 1% | 127 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Банки | 6,151 | 2% | 12,506 | 3% | 49 |
| Домаќинства | 339,473 | 84% | 318,000 | 78% | 107 |
| Останато | 1,897 | 0% | 3,202 | 1% | 59 |
| **Вкупно** | **404,608** | **100%** | **406,394** | **100%** | **100** |

Расположливиот вишок на ликвидни средства Банката го насочи кон нискоризични пласмани.

Одржаната кредитна активност, пред сè кај секторот население, во услови на силна конкуренција и пад на активните каматни стапки во банкарскиот сектор, доведоа до пораст на приходите од камати по основ на кредити, додека приходите по основ на вложувања во безризични пласмани бележат пад. (Табела 5).

***Табела 5: Структура според видот на пласманите***

| | Тековна година | | Претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Финансиски средства** | **Износ** | **Стр.%** | **Износ** | **Стр.%** | **Индекс** |
| Нискоризични пласмани | 6,160 | 2% | 12,622 | 3% | 49 |
| Кредити | 389,692 | 96% | 385,304 | 95% | 101 |
| Останато | 8,756 | 2% | 8,468 | 2% | 103 |
| **Вкупно** | **404,608** | **100%** | **406,394** | **100%** | **100** |

Во секторската распределба на расходите од камата, најголемо учество, исто така, има секторот домаќинства од каде што потекнуваат најголемиот дел на депозити во Банката, по што следуваат расходите кон финансиските друштва од небанкарскиот сектор. (Табела 6).

***Табела 6: Секторска структура на расходите од камата***

| | Тековна година | | Претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Најзначајни сектори** | **Износ** | **Стр.%** | **Износ** | **Стр.%** | **Индекс** |
| Нефинансиски друштва | 1,324 | 1% | 3,190 | 2% | 42 |
| Нерезиденти | 7,926 | 6% | 6,488 | 5% | 122 |
| Домаќинства | 75,455 | 61% | 84,033 | 66% | 90 |
| Останати финансиски друштва | 38,553 | 31% | 32,774 | 26% | 118 |
| Останато | 1,281 | 1% | 1,361 | 1% | 94 |
| **Вкупно** | **124,539** | **100%** | **127,846** | **100%** | **97** |

Во однос на видовите на финансиските извори, најголем дел од расходите за камати отпаѓаат на депозити, а незначителен дел се однесуваат на камати за кредити. (Табела 7).

***Табела 7: Структура на расходите од камата според извори***

| | Тековна година | | Претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Финансиски извори** | **Износ** | **Стр.%** | **Износ** | **Стр.%** | **Индекс** |
| Депозити на банки | 322 | 0% | 492 | 0% | 65 |
| Депозити на други комитенти | 115,655 | 93% | 120,337 | 94% | 96 |
| Обврски по кредити | 1,258 | 1% | 1,301 | 1% | 97 |
| Останато | 7,302 | 6% | 5,716 | 4% | 128 |
| **Вкупно** | **124,538** | **100%** | **127,846** | **100%** | **97** |

**Приходите од провизии и надоместоци** во 2020 година во основа ја задржаа истата структура од минатата година. Најголем номинален раст бележат приходите од платен промет во земјата, кои се повисоки во однос на минатата година за 8 милиони денари. (Табела 8).

***Табела 8: Структура на приходите од провизии и надоместоци***

| | Тековна година | | Претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Видови приходи** | **Износ** | **Стр.%** | **Износ** | **Стр.%** | **Индекс** |
| Кредитирање | 7,484 | 6% | 5,733 | 5% | 131 |
| Платен промет во земјата | 43,735 | 33% | 35,620 | 30% | 123 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| во странство | 17,948 | 13% | 17,964 | 15% | 100 |
| Акредитиви и гаранции | 2,584 | 2% | 2,570 | 2% | 101 |
| Картично работење | 28,721 | 22% | 25,252 | 22% | 114 |
| Месечна провизија | 28,441 | 21% | 25,606 | 22% | 111 |
| Останато | 4,067 | 3% | 4,393 | 4% | 93 |
| **Вкупно** | **132,980** | **100%** | **117,138** | **100%** | **114** |

**Расходите за провизии и надоместоци** во 2020 година ја задржаа својата структура. Картичното работење и натаму зазема доминатно учество во структурата на вкупните расходи за провизии на Банката, што се должи на работењето со брендирани картички од MasterCard и Visa. (Табела 9).

***Табела 9: Структура на расходите од провизии и надоместоци***

| | Тековна година | | Претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Видови расходи** | **Износ** | **Стр.%** | **Износ** | **Стр.%** | **Индекс** |
| Кредитирање | 722 | 2% | 425 | 1% | 170 |
| Платен промет | | | | | |
| во земјата | 10,903 | 24% | 10,324 | 25% | 106 |
| во странство | 3,588 | 8% | 2,291 | 6% | 157 |
| Провизии за меѓубанкарски операции | 1,716 | 4% | 1,722 | 4% | 100 |
| Картично работење | 27,417 | 60% | 25,525 | 61% | 107 |
| Останато | 995 | 2% | 1,351 | 3% | 74 |
| **Вкупно** | **45,341** | **100%** | **41,637** | **100%** | **109** |

Во текот на 2020 година, Централна кооперативна банка АД оствари повисоки **нето-приходи од курсни разлики** во однос на минатата година. (Табела 10).

***Табела 10: Структура на нето-приходи/(расходи) од курсните разлики***

| **Нето-приходи/(расходи) од** | **Тековна година** | | **Претходна година** | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **курсни разлики** | **Износ** | **Стр.%** | **Износ** | **Стр.%** | **Индекс** |
| Реализирани приходи/(расходи) од курсните разлики, на нето-основа | 8,680 | 89% | 8,399 | 98% | 103 |
| Нереализирани приходи/(расходи) од курсните разлики, на нето-основа | 1,121 | 11% | 210 | 2% | 534 |
| **Вкупно** | **9,801** | **100%** | **8,609** | **100%** | **114** |

**Нето-приходите од други операции** се прикажани расчленето во следните табели: (Табела 11 и 12).

Останатите расходи бележат зголемување од 4% во однос на минатата година.
Во текот на 2020 година, Фондот за осигурување на депозити пресметуваше и наплатуваше премија за осигурување депозити по годишна стапка од 0,25%.

***Табела 11: Структура на останати расходи***

| | **Тековна година** | | **Претходна година** | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Останати расходи** | **Износ** | **Стр.%** | **Износ** | **Стр.%** | **Индекс** |
| Материјали и услуги | 89,060 | 58% | 85,161 | 58% | 105 |
| Трошоци за кирии | 28,503 | 18% | 27,914 | 19% | 102 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Премии за осигурување депозити | 16,218 | 11% | 15,052 | 10% | 108 |
| Административни и трошоци за маркетинг | 4,599 | 3% | 4,618 | 3% | 100 |
| Трошоци за судски спорови | 112 | 0% | 433 | 0% | 26 |
| Трошоци за лиценцирање на софтвер | 10 | 0% | 38 | 0% | 27 |
| Останати | 15,602 | 10% | 14,373 | 10% | 109 |
| **Вкупно** | **154,104** | **100%** | **147,589** | **100%** | **104** |

***Табела 12: Структура на  останати приходи***

| | Тековна година | | Претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Останати приходи** | **Износ** | **Стр.%** | **Износ** | **Стр.%** | **Индекс** |
| Продажба на преземени средства | 0 | 0% | 721 | 6% | 0 |
| Приходи по основ на депозити | 0 | 0% | 699 | 5% | 0 |
| Приходи по основ на дивиденда | 3,748 | 39% | 4,396 | 34% | 85 |
| Наплатени претходно отпишани побарувања | 1,717 | 18% | 5,534 | 42% | 31 |
| Останато | 4,053 | 43% | 1,671 | 13% | 171 |
| **Вкупно** | **9,518** | **100%** | **13,021** | **100%** | **73** |

Во текот на 2020 година,  како резултат на неповолното деловно окружување чие влијание се одрази врз сегментот нефинансиски друштва, издвоени се резервации за кредитен ризик, како што е покажано подолу: (Табела 13).

***Табела 13: Структура на  исправката на вредност***

| | Тековна година | | Претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Исправка на вредност** | **Износ** | **Стр.%** | **Износ** | **Стр.%** | **Индекс** |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | 19,560 | 98% | 27,255 | 98% | 72 |
| Останати побарувања | 433 | 2% | 473 | 2% | 92 |
| **Вкупно** | **19,993** | **100%** | **27,728** | **100%** | **72** |

**Административните расходи** за 2020 година бележат пораст од 1% во однос на административните расходи за 2019 година што се должи на порастот на бројот на вработените, вложувањата во софтвер и  набавка на ИТ и канцелариска опрема. (Табела 14).

***Табела 14: Структура на  административни расходи***

| | Тековна година | | Претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Административни расходи** | **Износ** | **Стр.%** | **Износ** | **Стр.%** | **Индекс** |
| Трошоци за вработените | 161,354 | 83% | 157,797 | 83% | 102 |
| Амортизација | 32,410 | 17% | 33,209 | 17% | 98 |
| **Вкупно** | **193,764** | **100%** | **191,006** | **100%** | **101** |

### 2.2.3. Финансиска позиција на Банката

Во 2020 година, Банката во основа ја задржа структурата на изворите од претходната година. Забележан е континуиран раст на депозитите,  при што најголем номинален пораст е реализиран во сегментот непрофитни институции. Депозитната база е повисока за 2 милиони денари споредено со претходната година.

***Табела 15: Структура на  депозити***

| | Тековна година | | Претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Сектор** | **Износ** | **Стр.%** | **Износ** | **Стр. %** | **Индекс** |
| Банки | 5,482 | 0% | 11,051 | 0% | 50 |
| Нефинансиски друштва | 778,798 | 9% | 866,329 | 10% | 90 |
| Држава | 86 | 0% | 75 | 0% | 114 |
| Непрофитни институции | 85,055 | 1% | 48,130 | 1% | 177 |
| Финансиски друштва | 1,513,218 | 17% | 1,650,813 | 18% | 92 |
| Домаќинства | 6,429,007 | 72% | 6,227,007 | 70% | 103 |
| Нерезиденти | 115,139 | 1% | 121,403 | 1% | 95 |
| **Вкупно** | **8,926,784** | **100%** | **8,924,809** | **100%** | **100** |




Банката во 2020 година поседува стабилно депозитно јадро кое бележи континуиран раст. Дадениот приказ ја одразува структурата на депозитната база, не земајќи ги предвид депозитите на банките, каде доминантното учество го има матичното друштво.

Учеството на обврските по кредити во структурата на пасивата на Банката во 2020 година забележа пад од 100% , односно евидентни се довербата и способноста на Банката да ги задржи на стабилно ниво изворите на финансирање. (Табела 16).

***Табела 16: Структура на  пасивата***

| | Тековна година | | Претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пасива** | **Износ** | **Стр.%** | **Износ** | **Стр.%** | **Индекс** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Депозити | 8,926,784 | 84.5% | 8,924,809 | 84.4% | 100 |
| Обврски по кредити | - | 0.0% | 29,577 | 0.3% | - |
| Субординирани обврски | 312,446 | 3.0% | 311,156 | 2.9% | 100 |
| Останати обврски | 86,098 | 0.8% | 79,220 | 0.7% | 109 |
| Запишан капитал | 1,397,967 | 13.2% | 1,397,967 | 13.2% | 100 |
| Резерви премии и акции | 41,443 | 0.4% | 30,742 | 0.3% | 135 |
| Акумулирана загуба | (197,889) | -1.9% | (205,073) | -1.9% | 96 |
| **Вкупно** | **10,566,849** | **100%** | **10,568,398** | **100%** | **100** |

**Структура на капиталот**




Со состојба на 31 декември 2020, вкупниот акционерски капитал на Банката изнесува 1,397,967 илјади денари (2019: 1,397,967 илјади денари) и истиот се состои од 553,087 одобрени и во целост платени обични акции (2019: 553,087). Номиналната вредност по акција изнесува ЕУР 41.2069 (31 декември 2019: ЕУР 41.2069).

Од прикажаниот графикон, видно е доминантното учество на акционерскиот (запишан) капитал и тоа во најголем дел е сопственост на Централна кооперативна банка АД Софија, којашто заедно со CCB Group поседува 91.83% и претставува единствен акционер со учество над 5% во запишаниот капитал на Банката.

На страната на активата, евидентен е порастот на безризичните пласмани и на позицијата ***Кредити на и побарувања од други комитенти*** којашто порасна за 6% во однос на минатата година. (Табела 17).

***Табела 17: Структура на активата***

| Актива | Тековна година Износ | Стр.% | Претходна година Износ | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| Безризични средства и хартии од вредност | 2,544,144 | 24% | 3,077,672 | 29% | 83 |
| Кредити | 7,179,750 | 68% | 6,782,698 | 64% | 106 |
| Основни средства | 647,112 | 6% | 669,686 | 6% | 97 |
| Преземени средства | 969 | 0% | 133 | 0% | 0 |
| Останато | 194,874 | 2% | 38,209 | 0% | 510 |
| **Вкупно** | **10,566,849** | **100%** | **10,568,398** | **100%** | **100** |

## 2.3. Управување со ризиците

Клиентски ориентираниот модел на банкарство и остварувањето профит преку широка мрежа на филијали и експозитури во Централна кооперативна банка АД Скопје, во услови на пазарна економија, не може да се замисли без адекватно управување со ризиците на кои е изложена Банката, притоа задолжително почитувајќи ги позитивната законска регулатива и супервизорските стандарди.

Согласно со барањата на член 66 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15. 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Одлуката за методологија за управување со ризици („Службен весник на РСМ“ бр. 113/2019), Централна кооперативна банка АД Скопје управува со ризиците врз основа на интегриран систем за управување со сите материјални и нематеријални ризици на кои е изложена соодветно на природата, големината и сложеноста на финансиските активности коишто ги врши. Управувањето со ризиците се заснова на Стратегијата за преземање и управување со ризици и утврдените политики за одделни видови ризици (чија адекватност се утврдува на годишна основа), притоа доследно почитувајќи ги законски пропишаните лимити на изложеност на ризик, како и интерно воспоставениот систем на лимити со што врши превенција со навремено детектирање и отстранување, т.е. навремена реакција од страна на надлежните органи на Банката одговорни за управување со ризиците кога одредени активности ги надминуваат пропишаните лимити.

Интегративниот пристап подразбира континуирано, проактивно и системски организирано управување со ризици, кое се врши на стратешко, макро и микро ниво. Притоа предвид се зема интеракцијата помеѓу одделните ризици и нивниот заеднички ефект врз успешноста на Банката.
Банката во своето работење е изложена на следните видови ризици:

- кредитен ризик во чии рамки е и ризикот од земја, ризик од концентрација и индиректниот кредитен ризик;
- ликвидносен ризик;
- валутен ризик;
- ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарските активности;
- оперативен ризик во чии рамки е и правниот ризик, ризикот од користење услуги од надворешни лица, ризик од перење пари и финансирање тероризам, како и ризик од несоодветни информативни системи;
- стратегиски ризик;
- репутациски ризик;
- пазарен ризик.

Согласно со Стратегијата за преземање и управување со ризици, Банката воспоставува поединечни политики, процедури и упатства за преземање и управување со сите ризици на кои е изложена во своето работење.

Политиките за преземање и управување со ризиците содржат:

- организациска поставеност на функцијата за управување со ризиците;
- основни елементи на управувањето со ризиците;
- оценка на капацитетот на Банката за преземање на секој одделен ризик, како и оценка на нејзиниот профил на ризичност;
- прифатливи инструменти за заштита од или намалување на ризиците,
- внатрешна контрола и основни елементи на процесот на интерно утврдување и оценка на потребната адекватност на капиталот на Банката.

Со цел заокружување на процесот на управување со ризиците, Банката, освен политики за управување со ризиците, воспоставува процедури за преземање, мерење или оценка, следење, контрола или намалување на ризиците што овозможува навремено и сеопфатно идентификување на ризиците со кои се соочува Банката (мапирање на ризиците). Процедурите содржат правила, начини и постапки за идентификување, мерење или оценка, следење и контрола со цел намалување, диверзификација, трансфер и избегнување на ризиците на кои е изложена Банката во текот на своето работење.

### 2.3.1. Управување со кредитен ризик

Управувањето со кредитниот ризик во Централна кооперативна банка АД Скопје претставува утврдување на ниво на кредитен ризик прифатливо за Банката. За таа цел во Банката се усвоени низа политики, процедури и упатства (Правила за кредитна активност, Политика за кредитен ризик, Процедура за кредитен ризик, Методологија за утврдување на исправка на вредност на посебна резерва, Политика за ризик од земја, Методологија за ризик од концентрација итн.) во кои е дефинирана постапката за утврдување и оценка на кредитниот ризик на клиент кредитно изложен во Банката. Тие содржат детални инструкции за следење на кредитната способност и управување со кредитниот ризик согласно со барањата на Централна кооперативна банка АД Скопје, усогласени со регулаторните барања за управување и оценка на ризикот.

Процесот на управување со кредитен ризик започнува при првичното одобрување на кредитот, па сè до негово целосно намирување. Притоа Банката управува со кредитниот ризик земајќи ги предвид сите елементи на изложеност на кредитен ризик со цел квалитетна секторска, географска, валутна, потоа дисперзија по работодавач и по типови кредитни продукти, по експозитури и др., дисперзија на ризикот во кредитното портфолио. За таа цел воспоставени се интерни лимити на изложеност на кредитен ризик и тие се следат на месечно ниво.

Со цел соодветно управување со кредитниот ризик, извршена е јасна поделба на надлежностите и одговорностите при преземањето и управувањето со кредитен ризик и на сите нивоа има прецизно дефинирани надлежности.

Организацијата на системот за управување со кредитниот ризик е воспоставена на следните хиерархиски нивоа:

- **стратешко ниво** - функцијата на управување со кредитниот ризик се остварува од страна на членовите на Надзорниот одбор, Управниот одбор и Одборот за управување со ризици;

- **макрониво** - функцијата на управување со кредитниот ризик на ниво на деловна единица или деловен процес се извршува од страна на Дирекцијата за анализа и управување со ризици како посебен организациски дел надлежен за следење на управувањето со одделните ризици и Службата за контрола на усогласеноста на работењето со прописите, и

- **микрониво** - активности поврзани со управувањето со кредитниот ризик кои се извршуваат од страна на деловните единици кои согласно со воспоставената организациска структура и интерните акти вршат првична оценка на ризикот и последователно следење на ниво на клиент, односно Дирекција за анализа и управување со кредитниот ризик, Дирекција за кредитна администрација, Дирекција за банкарски услуги за правни лица и Дирекција за банкарски услуги за физички лица.

Оштетувањето и класификацијата на изложеноста на кредитен ризик се вршат месечно во Дирекцијата за анализа и управување со ризици, на поединечна или на групна основа за сите кредитни изложености. Правилата за класификација на изложеностите детално се опишани во Методологијата за утврдување на исправка на вредност и посебна резерва.

Во табела бр. 17 прикажани се основните показатели за квалитетот на кредитното портфолио на Централна кооперативна банка АД Скопје. (Табела 17).

*Табела 17: Показатели за квалитетот на кредитното портфолио*

| Показател (%) | 31.12.2020 | 31.12.2019 |
|---|---|---|
| Вкупна изложеност на кредитен ризик во милиони денари | 10,196 | 10,146 |
| (В, Г и Д) / Вкупна изложеност на кредитен ризик | 1.32% | 0.89% |
| Д / Вкупна изложеност на кредитен ризик | 0.32% | 0.34% |
| Покриеност на В, Г и Д со пресметана исправка на вредност и посебна резерва | 58.51% | 81.79% |
| Нето В, Г и Д од исправката на вредност / Сопствени средства | 4.72% | 2.92% |
| Д / Сопствени средства | 2.15% | 2.31% |
| Пресметана исправка на вредност и посебна резерва / Вкупна изложеност на кредитен ризик | 0.77% | 0.73% |
| Нефункционални кредити / Вкупни кредити (кредити кон нефинансиски субјекти) | 1.05% | 1.22% |
| Пресметана загуба поради оштетување / Сопствени средства | 5.18% | 4.91% |
| Исправка / Просечно портфолио | 1.02% | 1.01% |
| Исправка / Нефункционални кредити | 110.86% | 95.13% |
| Покриеност на нефункционални кредити со исправка на вредност и посебна резерва | 69.14% | 55.29% |
| Исправка на вредност и посебна резерва / Сопствени средства | 5.18% | 4.91% |

Со цел намалување на изложеноста на кредитен ризик, при утврдување на кредитната способност и оценка на кредитен ризик се вклучува и квалитетот на понудениот колатерал како еден од најтрадиционалните и најчести начини за намалување на кредитниот ризик.

Најчести и најприфатливи видови обезбедување кај кредитните изложености во Банката се следните:

- хипотеки врз станбени објекти;
- залог на деловен имот, како: деловни објекти;
- залог на подвижен имот, како: автомобили, опрема и друго;
- паричен депозит;
- злато;
- меница.

Банката во своите договори за кредити има вградено клаузули во кои е нагласено дека има право да побара дополнително обезбедување од своите клиенти доколку оцени дека за тоа има потреба, со цел намалување на кредитниот ризик, односно негово сведување во прифатливи рамки.

Со појавата на вирусот КОВИД-19 (корона-вирус) и последиците кои ги предизвика врз глобалната економија и врз економијата на Република Северна Македонија, од страна на Народна Банка и Владата на РСМ донесени се повеќе промени во регулативата за ублажување на последиците предизвикани од корона-кризата врз кредитниот ризик.

Врз основа на донесените промени, Банката објави две јавни понуди за промена на договорните услови на кредитните производи на клиентите на Банката – физички лица - со што беше понудена можност за промена на договорните услови на сите физички лица – клиенти на Банката кои се корисници на кредитни производи од Банката, а кои заклучно со 29.2.2020 година ги отплаќаат своите месечни обврски без доцнење, односно се класифицирани во категорија на ризик буква А,

Б или В и немаат статус на нефункционална кредитна изложеност. Првата понуда опфати одложување на отплатата на сите кредитни изложености по кредити, кредитни картички и дозволени пречекорувања за период од 6 (шест) месеци, сметано од 13.4.2020 година и продолжување на рокот на крајното достасување за дополнителни 6 (шест) месеци. Втората понуда беше објавена на 11.9.2020 година и го опфаќа одложувањето на плаќањето на обврските по кредитните производи на клиентите - физички лица, да биде за 6 месеци, односно за период од 1.10.2020 година до 31.3.2021 година, при што клиентите ќе треба да исполнат најмалку еден од следните критериуми: 1) Престанок на работен однос на кредитокорисникот, неговиот брачен другар и/или кокредитокорисникот, по 31.3.2020 година; 2) Намалување на платата за повеќе од 10%, на кредитокорисникот, неговиот брачен другар и/или кокредитокорисникот, по 31.3.2020 година; 3) Потешкотии при отплатата на обврските спрема Банката, настанати поради вонредни медицински лични/семејни трошоци како последица на Ковид-19 кај кредитокорисникот, неговиот брачен другар и/или кокредитокорисникот, по 31.03.2020 година; 4) Други постоечки потешкотии директно или индиректно поврзани со кризата од Ковид-19, кои треба да се опишат и соодветно да се документираат со докази.

Вкупно, со првиот пакет-мерки е опфатена изложеност од 2,299,967 илјади денари со состојба на 31 декември 2020 година, што претставува 36% од вкупната кредитна изложеност на Банката со состојба на 31 декември 2020 година. Со вториот пакет-мерки е опфатена изложеност од 174,684 илјади денари со состојба на 31 декември 2020 година, односно 3% од вкупната кредитна изложеност со состојба на 31 декември 2020 година.

Во текот на 2020 година, континуирано се следеше изложеноста на Банката кон лицата со посебни права и одговорности во Банката и со нив поврзаните лица. Вкупната изложеност по оваа основа со состојба 31.12.2020 год. изнесуваше 3.48% и е во рамките на законски пропишаниот лимит од 3% од сопствените средства на Банката по лице и со него поврзани лица.

Со состојба 31.12.2020 година, изложеноста на Банката кон мнозинскиот акционер изнесуваше 9.83% во однос на сопствените средства на Банката, односно законски воспоставениот лимит од 10% не е надминат.

Од аспект на ризикот од концентрација на изложеноста, кредитното портфолио на Банката во текот на 2020 година, се карактеризира со низок ризик во однос на изложеноста кон типови на клиенти, кредитни производи, поединечни клиенти и поврзаните лица со нив, валута, индустриски сектори и географска концентрација.

Дирекцијата за анализа и управување со ризици редовно, на месечна основа, врши анализа на кредитното портфолио, го следи почитувањето на законските и интерно воспоставените лимити и за истото ги известува Одборот за управување со ризици и Управниот одбор на Банката, а преку месечните извештаи на Одборот за управување со ризици го информира и Надзорниот одбор.

### 2.3.2. Управување со валутен ризик

Банката е изложена на ризик во однос на ефектите од движењата на нивото на девизни курсеви кои се одразуваат врз финансиската позиција и готовинскиот тек. Управувањето со валутен ризик подразбира следење, квантифицирање и контрола на отворената девизна позиција на дневна основа, бидејќи истата е основен показател за нивото на изложеност на Банката на валутниот ризик. Во текот на 2020 година, Банката го надмина законскиот лимит од +/-30% осум дена во март 2020 година и пет дена во ноември 2020 година, за што писмено е известена НБРСМ. Банката за краток временски период се усогласи со законскиот лимит на изложеност на валутен ризик.

### 2.3.3. Управување со ликвидносен ризик

Банката во текот на 2020 година управуваше со ликвидноста, усогласувајќи го работењето на Банката со законските прописи и ограничувања согласно со Одлуката за задолжителна резерва и

Одлуката за управување со ликвидносниот ризик на банките пропишана од НБРСМ и интерните лимити и насоки на Банката. Притоа Банката, во текот на 2020 година, оствари оптимално ниво на денарска и девизна ликвидност која овозможуваше непречено извршување на финансиските активности и исполнување на законските обврски.
Задолжителната резерва во денари во текот на 2020 година се движи од 407.403 илјади денари како најмала во јануари 2020 година до 463.424 илјади денари како најголема во јуни 2020 година. Процентот на исполнување се движи од 100,61% како најмал остварен во ноември 2020 до 110,65% како најголем во јануари 2020 година.

Задолжителната резерва во девизи во текот на 2020 година се движи од 230.934 илјади денари како најмала во мај 2020 година, до 243.625 илјади денари како најголема во февруари 2020 година.
Вишокот ликвидни средства, Банката го пласираше во благајнички записи и во расположливи депозити на НБРСМ, во државни записи на Министерството за финансии, како и на меѓубанкарскиот пазар на депозити. Видот, начинот и инструментите кои беа користени за пласирање на вишокот средства, зависеа од тековната и планираната рочна структура на средствата и обврските на краток и долг рок, ризикот на инструментите и движењата на каматните стапки на пазарите на пари и хартии од вредност.

Во 2020 година, каматната стапка на расположливите депозити преку ноќ изнесува 0,15%, а за расположливи депозити на седум дена изнесува 0,30%.
Недостатокот на ликвидни денарски средства Банката го надополнуваше со користење заеми на меѓубанкарски пазар.

Следењето на изворите на средства, како и концентрацијата на изворите, особено на депозитните средства, беше редовна активност на Банката во 2020 година. Во тој контекст може да се забележи изразена концентрираност на депозитите по комитенти. Процентот на учество на 20-те најголеми депоненти во просечната депозитна база во текот на 2020 година се движеше од 22.75% до 24.24%, додека нивото на концентрација на 20-те најголеми депоненти се движеше од 14.32% до 18.84%. Банката одржува редовни деловни односи со големите депоненти, со цел осознавање на потенцијалните одливи и минимизирање евентуални ликвидносни шокови.

Редовна месечна активност на Банката беше и следење на договорната и очекуваната рочна структура на билансните активни и пасивни позиции на Банката, кои влегуваат во извештаите за ликвидносен ризик. Од оваа анализа може да се заклучи дека во текот на 2020 година, Банката бележи негативен јаз меѓу договорната рочност на средствата и обврските во четири рочни блокови (до 7 дена, од 1 до 3 месеци, од 3 до 6 месеци и 6 до 12 месеци), од кои најголем негативен јаз е до 7 дена. Меѓутоа, имајќи предвид дека Банката има вишок ликвидни средства вложени во благајнички и државни записи и стабилна депозитна база, се смета дека Банката целосно и навремено ќе ги извршува своите обврски.

Во текот на цела 2020 година, Банката ги одржуваше стапките на ликвидност на 30 и на 180 дена над минималното пропишано ниво.

Со Политиката за управување со ликвидносен ризик, Банката има воспоставено интерни ликвидносни показатели и соодветно ниво на истите со цел дефинирање оптимална структура на активата и пасивата и следење на изворите на средства и на нивото на концентрација. Во текот на 2020 година, заради следење и одржување на ликвидносната позиција Банката воведе нови ликвидносни индикатори и истите се следат и анализираат на дневно и на месечно ниво.

### 2.3.4. Ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности

Согласно со Одлуката за управување со ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности, во текот на 2020 година, Банката управуваше со овој ризик согледувајќи

ги ефектите од промената на каматните стапки врз билансите на Банката. Притоа, континуирано се следеше флуктуацијата на пазарните каматни стапки и промените кај конкуренцијата и се вршеше приспособување со цел почитување на законскиот лимит и интерно воспоставените лимити и одржување на каматната маргина и разлика во прифатливи рамки, заради нивно позитивно влијание врз финансиската состојба и паричните текови на Банката, а во правец на исполнување на дефинираната деловна политика и стратегиските цели.

Изминатата 2020 година, исто како и претходната, се карактеризираше со пад на каматните стапки, како на меѓународните финансиски пазари, така и на каматните стапки на домашните должнички хартии од вредност, што предизвика движење по надолна линија, како на активните каматни стапки на кредитите, така и на депозитите во банкарскиот сектор. Банката правовремено изврши низа намалувања на каматните стапки, следејќи ја конкуренцијата, притоа водејќи сметка за каматната маргина и каматната разлика, односно за ефектите од овие намалувања врз билансите.

Дирекцијата за управување со ризици редовно вршеше анализи на влијанието на каматните стапки врз работењето на Банката во целина и за тоа ги известуваше Одборот за управување со ризици и Управниот одбор, а преку Одборот за ризици и Надзорниот одбор на Банката.

Економската вредност на портфолиото на банкарски активности, со состојба 31.12.2020 година изнесуваше 0,49%. Каматната маргина во текот на годината се движеше меѓу 3.07% и 3.54%, додека каматната разлика од 2.69% до 3.13%.

### 2.3.5. Оперативен ризик

Оперативниот ризик е дефиниран како ризик од загуби на Банката кој се јавува како резултат на случувања или настани предизвикани од неадекватни или неуспешни внатрешни процеси, луѓе, системи или надворешни настани. Тој ги вклучува и правниот ризик и ризикот од перење пари и финансирање тероризам, како и ризиците од нарушувања во информацискиот систем.

Активностите поврзани со оперативните ризици во 2020 година опфаќаа следење, евидентирање и анализирање, како и мерење или оценка на настаните кои предизвикале или можеле да предизвикаат штета, односно претставуваат потенцијален оперативен ризик. Прифатливото ниво на оперативен ризик е дефинирано како 10% од капиталот потребен за покривање оперативен ризик пресметан согласно со пристапот на базичен индикатор. Пресметаниот капитал за 2020 година изнесува 53.010 илјади денари, додека за 2021 година утврден е капитал за покривање на оперативниот ризик во вкупен износ од 55.008 илјади денари.

Врз основа на прибраните информации и направените анализи, во текот на 2019 година се презедоа конкретни мерки за надминување на оперативно критичните настани и за отстранување или контрола на ризикот во иднина.

Во текот на 2020 година се евидентирани вкупно 121 настан, од кои вкупно 93 настани се пријавени од страна на Службата за внатрешна ревизија за констатирани оперативно-критични настани согласно со спроведените ревизии. Вкупната штета по основ на оперативно-критични настани за 2020 година изнесува 2.110.350 мкд што претставува 3.98% од годишниот износ на капитал потребен за покривање на оперативен ризик. Најголем дел од пријавените штети се однесува на неовластени користења на картички.

Банката има воспоставено систем за контрола и заштита од ризикот од перење пари и финансирање тероризам, врши постојана едукација на вработените сè со цел одржување ниско ниво на овој вид ризик.

Во рамките на управувањето со ризици, опфатен е и репутацискиот ризик кој претставува ризик врз добивката или сопствените средства на Банката кој произлегува од неповолните согледувања на клиентите, доверителите, акционерите, инвеститорите и регулаторите за работењето на

Банката. Банката има воспоставено систем за примена на воспоставените акти, соодветна организациска поставеност и се врши континуирана обука на вработените со цел заштита на репутацијата на Банката.

Системот опфаќа низа процедури и упатства, и тоа:

- за постапување по поплаките од страна на клиентите и обезбедување соодветна примена;
- за заштита на тајноста на податоците за своите клиенти;
- за навремено и точно известување на регулаторните, супервизорските и други органи, за сите случаи и врз сите основи предвидени со прописите;
- за заштита од злоупотреби на вработените, спречување перење пари и финансирање тероризам, прекршување на забраните или преземање други активности кои значат непочитување на регулативата или имаат за цел да нанесат штета на трети лица.

Во текот на 2020 година, Банката не беше изложена на позначаен репутациски ризик.

Банката успешно управуваше со пазарниот ризик во текот на 2020 година. И натаму стратегијата на Банката е вложување во неризични хартии од вредност издадени од државата или НБРСМ (благајнички и државни записи), а со тоа сведување на пазарниот ризик на минимум.

Управувањето со стратегискиот ризик, како ризик кој произлегува од промените во деловното опкружување, негативните деловни одлуки, несоодветното спроведување на одлуките или недоволната респонзивност на Банката на промените во деловното опкружување, и во текот на 2020 година беше насочено кон остварување на деловните цели дефинирани во деловната политика и стратегија на Банката. Редовно, на месечно ниво се правеа анализи во кои се утврдуваа отстапувањата од планот и причините за отстапувањата и се даваа предлози за нивно надминување. Стратегискиот ризик во 2020 година е оценет како низок, а квалитетот на управувањето како добар.

* * *

Банката во 2020 година го утврди интерниот капитал за покривање на материјално-значајните ризици. Во истиот, по детални анализи, како материјално-значајни ризици, покрај регулаторно-дефинираните – кредитен, валутен, пазарен и оперативен ризик, Банката го вклучи и ризикот од промена на каматните стапки и за истиот утврди капитал за негово покривање согласно со усвоената Методологија. Дополнително кризата со Ковид-19 предизвика значителни промени во целокупното економско опкружување. И покрај низата преземени мерки за ублажување на последиците од пандемијата како одложување на плаќањата по главнина и камата за кредитокорисниците физички лица, како и промени во условите за кредитирање кај правните лица согласно со нивните можности, сепак, очекувањата се веројатност за неисполнување на обврските од одредени клиенти, зголемување на нефункционалните кредити, односно благо зголемување на исправката и коефициентот на ризичност. Банката издвои дополнителен капитал за покривање на кредитниот ризик поради последиците од здравствената криза од која се очекува рефлексија врз економијата во земјата. Утврдениот интерен капитал, како збир на капиталот за секој материјално-значаен ризик за 2020 година изнесуваше 764,940 илјади денари, односно повисок од регулаторно-зададениот за 98,830 илјади денари, колку што изнесува капиталот потребен за покривање на ризикот од промена на каматните стапки и дополнителниот капитал за покривање на кредитниот ризик.

## 2.4. Законската регулатива во Република Северна Македонија во 2020 година

Во текот на 2020 година, сите организациски единици на Банката редовно беа известувани за законските и подзаконските измени  и за активностите и дејствата што треба да се преземат заради усогласување. Се вршеше редовно квартално тестирање на усогласеноста и се известуваа Управниот одбор и Надзорниот одбор.

### 2.4.1. Позначајни  измени во регулативата во 2020 година

**Закони**

- Закон за изменување на Законот за работните односи;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва;
- Закон за финансиска поддршка на граѓани со низок доход, корисници на пензија, корисници на право на социјална сигурност на стари лица, млади лица, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, уметници и други лица кои вршат дејност во културата, филмски работници и естрадни уметници;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести;
- Закон за спречување и заштита од дискриминација;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа;
- Закон за изменување на Законот за евиденциите од областа на трудот;
- Закон за заштита на личните податоци;
- Закон за дополнување на Законот за даночна постапка;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност.

**Одлуки**

- Одлука за начинот на утврдување поврзани лица и за лимитите на изложеноста;
- Одлука за пристапот и начинот на користење информации на Народната банка на Република Северна Македонија коишто не се јавни;
- Одлука за дополнување на Одлуката за сметковниот (контниот) план за банките;
- Одлука за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски прото-коли, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест Ковид-19 предизвикана од вирусот sars-cov-2, случаите и временскиот период на нивна примена;
- Одлука за изменување на Одлуката за начинот на утврдување поврзани лица и за лимитите на изложеноста;
- Одлука за изменување на Одлуката за начинот и условите под кои резидентите коишто не се овластени банки, можат да отвораат и да имаат сметки во странство;
- Одлука за изменување на Одлуката за методологијата за управување со ризиците;
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик;

- Одлука за изменување на Одлуката за методологијата за управување со ризиците;

- Одлука за задолжителна резерва;
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за издавање книжни пари во апоен од 10 денари со изменети белези;
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за издавање книжни пари во апоен од 500 денари со изменети белези;
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик;
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот;
- Одлука за изменување на Одлуката за содржината и начинот на функционирање на кредитниот регистар;
- Одлука за методологијата за управување со ликвидносниот ризик;
- Одлука за изменување на Одлуката за задолжителната резерва;
- Одлука за дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот;
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за начинот и условите под кои резидентите коишто не се овластени банки, можат да отвораат и да имаат сметки во странство.

**Уредби**

- Уредба со законска сила за начинот на промена на договорни услови на кредитни изложености кај банките и штедилниците;
- Уредба со законска сила за примена на Законот за банките за време на вонредна состојба;
- Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примената на Законот за извршување за време на вонредната состојба;
- Уредба со законска сила за примена на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити за време на вонредна состојба;
- Уредба со законска сила за примена на Законот за облигационите односи за време на вонредна состојба;
- Уредба со законска сила за примена на Законот за трговските друштва за време на вонредна состојба;
- Уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за начинот на промена на договорни услови на кредитни изложености кај банките и штедилниците;
- Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од корона-вирусот Ковид-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба;
- Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити за време на вонредна состојба;
- Уредба со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање домашна платежна картичка наменета за купување македонски производи и услуги за време на вонредна состојба;

- Уредба со млади лица и здравствени работници преку издавање домашна платежна картичка наменета за купување македонски производи и услуги за време на вонредна состојба;
- Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за банките за време на вонредна состојба;
- Уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за облигационите односи за време на вонредна состојба;
- Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примената на Законот за извршување за време на вонредната состојба.

### 2.4.2. Усогласеност со законската регулатива

Банката во своето работење и во текот на 2020 година се придржуваше на пропишаните законски рамки на кредитна изложеност и вложување кај други, и тоа:

- почетниот капитал за основање банка, кој според законската регулатива треба да изнесува 310.000.000 денари;
- сопствените средства на Банката во однос на почетниот капитал, кои согласно со член 64 од Законот за банки не смеат да изнесуваат помалку од почетниот капитал;
- Банката нема голема изложеност кон лице и со него поврзани лица која надминува 25% од сопствените средства на Банката;
- Банката нема изложеност над пропишаните 10% од сопствените средства кон акционер со квалификувано учество во Банката и со него поврзани лица кои директно или индиректно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции или издадени акции со право на глас кои овозможуваат значително влијание врз управувањето со Банката;
- Банката нема акции во други банки кои поседуваат капитални делови во Банката поголеми од 5%;
- Банката не поседува контрола врз нефинансиска институција;
- вкупната изложеност кон сите лица со посебни права и одговорности и со нив поврзани лица изнесува 3,48% од сопствените средства на Банката и е во рамки на законскиот лимит од 3% по лице од сопствените средства на Банката;
- отворената девизна позиција на Банката (дневна) е во рамки на лимитите до 30% од сопствените средства на Банката;
- имотот на Банката во земјиште, згради, опрема и капитални делови од други банки, небанкарски финасиски институции изнесува 38,25% што е во согласност со член 78 од Законот за банки, според кој истиот не смее да надминува 60% од сопствените средства.

## 2.5. Деловно работење на Банката по одделни сегменти

### 2.5.1. Кредитирање население

Во текот на 2020 година секторите малопродажба во сите економски дејности се соочија со веројатно најсериозниот пазарен предизвик во изминатите години, под влијание на пандемијата од Ковид-19 и сите негативни последици кои истата ги предизвика. Пазарот во најголем дел од годината беше затворен, движењето на клиентите ограничено, а продажните механизми сведени на оние кои носат најмалку ризици по здравјето.

Во такви околности и во услови на целосна пазарна неизвесност, Банката активно одговори на пазарниот предизвик и имајќи ги предвид околностите, продуцираше солидни резултати во генерираната побарувачка и обемот на новоодобрени кредити во сегментот домаќинства.

Како резултат на максималната и континуирана ангажираност на деловната мрежа, и покрај затворениот пазар и применетиот претпазлив пристап во кредитирањето, генерирана е нова побарувачка во кредити од околу 2 865 милиони мкд. Новоодобрените пласмани во кредити во сегментот домаќинства го задржаа високиот стандард поставен во минатите години и со 1 816 милиони мкд го продолжуваат воспоставениот тренд.

Ваквиот резултат беше остварен со примена на претпазлива и конзистентна деловна стратегија, темелена на одржување високо ниво на генериран кредитен потенцијал преку промотивен пласман на трите докажани носечки продукти на Банката: ЦКБ потрошувачки кредит „Доверба“, ЦКБ ненаменски потрошувачки кредит обезбеден со хипотека и ЦКБ станбен кредит, кои учествуваа во вкупните новоодобрени кредити со речиси 89%.

Со годишен пораст на кредитното портфолио во сегментот домаќинства од 8,74 милиони евра, Банката ја задржа тенденцијата да има двојно повисоко учество во вкупниот пораст на пазарот во овој сегмент, споредено со учеството во пазарот според сопствената актива. Над 70% од годишниот раст на портфолиото беше генериран со обезбедени кредити. Со годишен пораст во сегментот кредитирање на домаќинствата од 9,4% ЦКБ АД Скопје го продолжува трендот на значителни годишни пораст‌и, повисоки од оние со кои се движи пазарот.

Заклучно со крајот на годината, пазарното учество на Банката во сегментот кредитирање на домаќинствата достигна 3,40%, правејќи ја трета најдобра средна банка во сегментот кредитирање домаќинства - со бруто кредитно портфолио од 6.259 милиони денари.

Реализираните приходи од камати во сегментот кредитирање домаќинства го следеа растот на кредитното портфолиото и се зголемија речиси за 7% во однос на 2019 година.

Преку понуда на две јавни понуди во текот на годината, Банката им овозможи на своите ритејл клиенти да ги надминат потенцијалните краткорочни ликвидносни проблеми и да ги зачуваат квалитетот и континуитетот во сервисирањето на обврските. Низ текот на целата година Банката успеа да задржи исклучително висок квалитет на кредитното портфолио во сегментот домаќинства и со 99,55% од портфолиото распоредено во редовни категории А и Б на 31.12.2020 година, остана категоризирана меѓу банките со најдобар профил на ризик на пазарот во овој пазарен сегмент.

Банката во целост ги исполни и натфрли вкупните позиции од поставениот деловен план за годината во сегментот кредитирање домаќинства, притоа задржувајќи го стандардот на квалитетна клиентска услуга и зголемувајќи ја пазарната свесност за брендот.

### 2.5.2. Картично работење

Во делот на картичното работење во извештајниот период Банката продолжува кон зголемување на картичното работење во целост.

Банката продолжи со издавање дебитни и кредитни картички од Visa и Mastercard меѓународните институции и инсталација на банкомати и ПОС-терминали.

Во чекор со конкуренцијата, и во извештајната година се продолжи со издавање безконтактни картички и инсталација на бесконтактни ПОС-терминали, како и lobby банкомати.

Во 2020 година, Банката продолжи со замена на бесконтактните картички со контактни, дебитните Visa Electron со Visa Debit, Maestro со Debit Mastercard, и кредитните картички со соодветниот тип на бесконтактна картичка. Домашните картички (Star Card и Business Card) во целост се заменети со Visa картички.

Бројот на активни картички на 31.12.2020 година споредбено со минатата година по производ е прикажан во прегледот даден подолу:

| Производ | 31.12.2020 | 31.12.2019 |
|---|---|---|
| Star Card кредитни картички | - | 3 |
| Business Card кредитни картички | - | - |
| Visa Electron дебитни картички | 7,581 | 14,408 |
| Visa Debit дебитни картички | 11,939 | 3,622 |
| Visa Revolving кредитни картички | 649 | 674 |
| Visa Business картички | 55 | 69 |
| Maestro дебитни картички | 2,985 | 7,301 |
| Debit MasterCard | 20,473 | 6,881 |
| MasterCard Revolving кредитни картички | 2,365 | 2,287 |
| MasterCard Gold кредитни картички | 111 | 126 |
| MasterCard Business картички | 107 | 97 |
| **Вкупно** | **46,265** | **35,468** |

Од аспект на опслужување на картичките, бројот на трговци, активни продажни места и инсталирани банкомати на 31.12.2020 година споредбено со минатата година е прикажан во следниот преглед:

| | 31.12.2020 | 31.12.2019 |
|---|---|---|
| Трговци | 192 | 154 |
| ПОС-терминали | 220 | 179 |
| Банкомати | 38 | 37 |

### 2.5.3. Кредитирање правни лица

Развојниот план за деловната 2020 г. беше доста амбициозен во делот на кредитирање правни лица. Светската здраствена криза предизивикана од пандемијата на вирусот Ковид–19 предизвика промени во првичните донесени развојни планови. Одеднаш Банката се преорганизираше и се проспособи кон ситуацијата. Активностите беа насочени кон предоговарање на кредитните изложенисти кај клиентите засегнати од пандемијата. Беа преземени соодветни активности за мониторинг на целото портфолио сѐ со цел да не дојде до од евентуално зголемување на кредитниот ризик, што, во суштина, успешно беше задржано во прифатливи граници.
Квалитетот на портфолиото се задржа на високо ниво, заклучно со 31.12.2020 г., 98.08% класифицирано во А и Б категорија на ризик.

Кредитните активности продолжија во умерени граници и доста внимателно, но, сепак, беа намалени во споредба со 2019 г. Во текот на 2020 г. се исплатени 175 кредитни партии што претставуваат над 521 милион денари исплатени средства. На бруто-основа кредитното портфолио за правни лица во 2020 г. заврши со 1.030 милиони денари или за 13,15% помалку во споредба со изминатата 2019 г. Намалувањето на кредитното портфолио освен од месечните редовни доспевања беше предизвикано и од предвремено затворање на кредитни изложености во износ од околу 502 милиони денари.

Подолу е прикажано движењето на месечните кредити во споредба со минатата година.




Вонбилансните позиции на Банката кон крајот на 2020 година изнесуваа над 284 милиони денари, структурирани по следниот ред:

*Структура на вонбилансната изложеност на 31.12.2020 година – правни лица*

| Вонбилансна изложеност | Износ | Стр.% |
|---|---|---|
| Бизнис кредитни картички | 6,442 | 2.27% |
| Овердрафти | 93,863 | 33.03% |
| Банкарски гаранции | 182,094 | 64.08% |
| Кредити на транши | 1,755 | 0.62% |
| **Вкупно** | **284,154** | **100.00%** |

### 2.5.4. Кредитна администрација

Дирекцијата за кредитна администрација во 2020 година успешно одговори на зададените обврски и задачи и истите ги комплетираше и исполни во согласност со предвидените процедури и правила.

Поради последиците предзвикани од пандемијата на КОВИД-19, Дирекцијата за кредитна администрација ги адапатира сите процеси на функинирање на исклучително високо ниво, со што ги зашити сите свои вработени во целиот изминат период. Функицонирањето на електронскиот фолдер, овозможи вработените во ДКА да бидат поделени во два тима, а, притоа, да не се доведат во прашање работната динамика и исполнувањето на обвските. Изменетите услови на функционирање не предизвикаат застој во исполнување на обврските и во услови на светска пандемија се работеше на подобрување на процесот на верификација со цел навремено, комплетно и точно да се одговори на потребите и барањата на сите организациски единици.

### 2.5.5. Денарски платен промет

Во текот на 2020 година, и покрај специфичните услови во кои се одвиваше работењето на Банката, денарскиот платен промет успеа да реализира зголемени приходи од оваа банкарска активност во однос на 2019 година. Во истиот период обемот на извршените банкарски операции забележа пораст за 9,90% кој непосредно влијаеше на:

- зголемување приходи од наплата на провизии за одржување трансакциски сметки за 11,45%;

- зголемување приходи од наплата на провизии за извршени платни операции преку платниот систем на Банката за 27,65%;
- вкупните расходи по основ на учество на Банката во платните системи во земјата (КИБС и МИПС) во 2020 година се зголемени за 13,27%.

Од оваа финансиска активност, Банката во 2020 година оствари поголем НЕТО-ПРИХОД во однос на 2019 година за 15,96%.

### 2.5.6. Платен промет со странство

Наспроти непредвидените предизвици во економијата во текот на 2020 година со појавата на светката пандемија со смртоносниот вирус КОВИД-19, ангажираноста на Службата за платен промет со странство во извештајниот период беше максимално насочена кон ефикасно и, пред сѐ, континуирано задоволување на потребите на клиентите за реализација на платниот промет со странство. Сите напори беа насочени кон клиентите, односно кон презентација на потенцијалните предности кои ги нуди нашата банка во однос на точно, ефикасно и евтино извршување на платните инструменти во делот за платен промет со странство.

Платниот промет со странство се извршува преку целата деловна мрежа на Банката, како и преку електронско банкарство за сите типови безготовински трансакции. Службата за платен промет со странство постојано вршеше непосредна и посредна координација со останатите организациски делови на Банката и го презентираше начинот на работа со постојана комуникација, како со вработените, така и со клиентите. За нововработените и сите заинтересирани вработени лица во Банката беа одржани стручни, непосредни и неколкудневни ефикасни обуки.

Поради вирусната пандемија во светот и во нашата држава, која имаше негативен економски ефект за сите субјекти, како и поради засилената имплементација на законските одредби за спречување перење пари и финансирање тероризам, повторно беше прекинат деловен однос со неколку значајни клиенти преку кои евидентиравме значаен дел од прометот. Како последица на наведеното, во текот на 2020 година беше оствареннамален промет, кој резултираше со намалување за 18% во однос на претходната година. Исто така, непредвидено беше и едностраното зголемувањето на трошоците за одржување на нашите ностро сметки во странски банки што резултираше со зголемени расходи по девизно работење. Сето тоа негативно се одрази на нашите позитивни предвидувања за 2020 година.

Неостварениот планиран зголемен промет и приход од девизно работење, истовремено, се должи и на фактот што имаме ист или намален број на трансакции, но со мали износи кои последователно носат помали провизии, иако ние реагиравме последователно со зголемување на тарифите од нашите клиенти. Исто така, конкуретните тарифи од другите банки резултираа со наша реакција за одобрување на повластени намалени тарифи за поголем број клиенти.

Индикативен е фактот дека во изминатата 2020 година, Банката има намален број извршени трансакции и очекуван намален девизен промет во однос на претходната 2019 година.

Последователно на погоре изнесеното, финансиските показатели од работењето во 2020 година покажуваат негативен ефект во апсолутен износ од 10,224 милиони денари, односно намалување за 13% во однос на претходната 2019 година. Воедно, евидентирани се речиси идентични вкупни приходи од наплатена провизија со мало намалување за 1%, но истовремено со зголемени расходи за 25%, поради наведените околности кои се случија во текот на годината при остварен намален промет за 18% и намален број трансакции за 6% во однос на претходната 2019 година:

- пад на бројот на извршени трансакции во однос на 2019 година за 6%;
- намален промет со странство во однос на 2019 година за 18%;

- намалени приходи од провизија за извршени трансакции во однос на 2019 година за 1%;
- зголемени расходи по основ девизно работење во однос на 2019 година за 25%;
- пад на нето-финансискиот ефект по извршени трансакции во платниот промет со странство во однос на 2019 година за 13%.

(во 000 денари)

| Вид на активност | 2020 | 2019 | индекс | процент |
|---|---|---|---|---|
| Извршени трансакции | 30 | 32 | 94 | (6%) |
| Извршен промет | 6,172,019 | 7,534,360 | 82 | (18%) |
| Вкупно приходи - провизии | 17,983 | 18,216 | 99 | (1%) |
| Вкупно расходи - трошоци | 7,760 | 6,441 | 120 | (25%) |
| Нето-ефект / Приходи/Расходи | 10,224 | 11,775 | 87 | (13%) |

Во извештајниот период во текот на 2020 година извршени се бројни измени во банкарскиот интегриран информативен систем (БИИС). Истовремено, воведена е планираната активност во сегментот Интернет-банкарство за клиенти кои користат девизни плаќања и во тек е тестирање и имплементирање на апликацијата за мобилно банкарство. Согласно со новите измени во однос на безбедноста и сигурноста за работа преку SWIFT-апликацијата, реализирани се успешни активности за имплементација во делот за конфирмација на сите трансакции и ажурирање на интерните и екстерните системи на ниво на Банката, сѐ со цел за поефикасен пристап и работа на вработените, како и за подобрување на услугите на Банката и на клиентите во областа на платниот промет со странство.

### 2.5.7. Служба за деловна мрежа

Службата за деловна мрежа во изминатата 2020 година функционираше во вонредни услови кои беа предизвикани поради пандемијата од Ковид--19 и во овие услови на намалена економска активност, целокупната деловна мрежа вложи големи напори за остварување на поставените планови и таргети за годината.  Имено, преземените активности придонесоа за подобрување на нивото на клиентска услуга и заедно со конкурентните банкарски производи и услуги овозможија зголемување на депозитното и кредитното портфолио предвидено со плановите на Банката. Најважна цел на Службата на деловна мрежа и во вонредните услови беше градење трајни врски со клиентите и овозможување најквалитетна банкарска услуга која ќе биде препознатлива во банкарскиот сектор.

Во насока на постигнување на претходно споменатите цели, Службата за деловна мрежа беше насочена кон задржување на постојните клиенти, како и привлекување нови обидувајќи се да овозможи банкарски услуги на клиентите кои ќе одговорат на нивните потреби. Исто така, Службата организираше континуирани обуки на постојните вработени и учествуваше во процесот на селекција и подготовка на новите вработени кои се ангажирани во експозитурите на Банката. Овие активности беа спроведени согласно со редовниот план за обуки на Банката, но истовремено беа спроведени и вонредни обуки од области кои се особено важни за клиентската услуга.

Изминатата година, дополнителен притисок со кој се соочи банкарскиот сектор, а се забележа кон депозитната база на население е затворањето на Еуростандард банка АД Скопје, што се одрази негативно врз привлечените средства од секторот население и беше една од причините поради кои планот е делумно остварен. Имено, Банката оствари зголемување на привлечените средства од секторот население кои пораснаа за 3.62% или во апсолутен износ од 227 милиони денари. Во однос на процесите за клиентска услуга кои се одвиваат во рамките на експозитурите, Службата за деловна мрежа имплементираше неколку мерки кои се во насока на подобрување на оперативната ефикасност со засилени контролни механизми за намалување на ризиците во работењето.

Банката, согласно со остварените резултати, континуирано ги зголемува привлечените средства од секторот население што ја потврдува довербата која ја имаат клиентите, а со тоа остварува и зголемување на пазарното учество на Банката во овој сегмент.




**Во 000 МКД**

Проекциите предвидени во деловниот и финансискиот план на Банката беа соодветно таргетирани кон мрежата на експозитури при што постојано се следеше остварувањето на поставените цели. Остварените резултати покажаа и надминување на плановите во неколку сегменти од работењето.

### 2.5.8. Трезорско работење

Во известувачкиот период Службата навремено ги опслужуваше новопоставените и постоечките банкомати надвор од експозитурите. За навременото и точно извршување на задачите, во текот на 2020 година, беа унапредени одредени контролни процеси при што беа спроведени редовни месечни пописи и усогласувања на готовината на банкоматите.

### 2.5.9. Информатичка технологија

Најзначајни активности во известувачкиот период во областа на информатичката технологија се:

- Направени се дополнителни извештаи во апликацијата БИИС - по барања на дирекциите во Банката, во текот на 2020 година, направени се повеќе од 200 дополнителни (нови или модифицирани) извештаи, формулари и обрасци кои се сместени во банкарската апликација.
- Дополнување на ИСМС-документација - постоечката документација е ревидирана, унапредена и дополнета со процедури и упатства кои ги опфаќаат процесите на работа во Дирекцијата за ИТ.
- Извршена е замена на апликациски сервери со понови, исто така, заменети се и серверите за електронско банкарство.
- Направена е виртуелизација на неколку помали сервери.
- Извршена е замена на застарена информатичка опрема (персонални компјутери, монитори, печатари итн.) и оперативни системи кои се излезени од одржување/ поддршка.

- Унапредено е поврзувањето помеѓу локациите на Банката со зголемување на брзините и воведување втор добавувач на услугите (провајдер) како резервен на преостанати локации кои претходно не беа опфатени.

### 2.5.10. ОСИС

Во областа на управување со сигурноста на информативниот систем и заштитата на личните податоци, во текот на 2020 година, спроведена е редовна анализа на ризиците за средствата на информативниот систем и се ажурираше информативната книга на Банката. Направено е ажурирање на мапата на деловни процеси при редовната годишна BIA-анализа (Business Impact Analysis) и ревидирана е Стратегијата за справување со ризици.

Банката изврши и редовно годишно тестирање на Планот за континуитет во работењето. Во 2020 година, значително е подобрена сигурноста на информативниот систем со имплементација на најнови заштити од напади од дигитален простор.

Редовно се држат обуки на нововработени лица за сигурноста на ИС и по потреба на сите вработени електронски се дистрибуираат обуки, со цел доследно спроведување на политиката за ИС.

Спроведено е редовното годишно ревидирање на Политиката за сигурност на информативниот систем. Исто така, ревидирани се и интерните акти кои го опфаќаат делот на сигурност на информативниот систем и физичката безбедност, преземени се активности во правец на управување со регистрирани сигурносни инциденти, соработка со релевантни надворешни институции, се следат најновите трендови во областа на сигурноста на информациите, законската регулатива, нови технологии итн.

Особен предизвик во 2020 година беше справувањето со пандемијата од Ковид-19, при што Банката со цел да ги намали штетните ефекти и да обезбеди непрекинатост во работењето презема низа мерки, како: воведување работа од дома, работа во ротации, заштита на клучен кадар, подигнување на свеста кај вработените за самозаштита итн.

### 2.5.11. Спречување на перење пари и финансирање тероризам

Службата за спречување на перење пари и финансирање тероризам и во текот на 2020 година, продолжи со континуирано преземање на разни активности, со цел заштита од овој вид ризик, како и зачувување на угледот и добриот имиџ на Банката. Со цел подобро запознавање со своите клиенти и нивните финансиски активности, Банката со сите расположливи инструменти, вршеше постојан мониторинг на клиентите и трансакциите, нивно скорирање и адекватно анализирање, притоа ставајќи го акцентот на оние со повисок степен на ризик. Во текот на 2020 година, се изработени 656 /шестотини педесет и шест/ засилени анализи. Службата за СППФТ во целост го спроведе планот за контрола на Службата за 2020 година и изготви 8 /осум/ извештаи за експозитурите/филијалите кои беа предмет на контрола.

Службата имаше и низа дополнителни активности, пред сè, поврзани со редовна контрола од страна на НБРСМ и Службата за внатрешна ревизија, како и активности поврзани со годишно ревидирање на интерните акти.

Службата во текот на 2020 година, согласно со законската регулатива и интерните акти од областа на спречување на перење пари и финансирање тероризам, ја ревидираше Проценката на ризик од перење пари и финансирање тероризам на Банката, во која сите фактори на ризик од ПП/ФТ се оценети со ниво на ризик средно ризично, така што и крајната оценка за вкупниот агрегатен ризик на ниво на банка е - ниво на ризик 2 – среден ризик.

И во текот на 2020 година, Службата продолжи успешно да соработува со надворешни органи и институции вклучени во активности од областа на спречување перење пари и финансирање тероризам и во законски предвидените рокови доставуваше извештаи пропишани со регулативата.

Вработените од Службата за СППФТ активно учествуваа на сите состаноци на Комисијата за АМЛ при МБА.

Согласно со законската регулатива, Службата спроведуваше обука од областа на спречување перење пари и финансирање тероризам на сите вработени во Банката и на нововработените лица.

За својата работа, Службата редовно на месечна и квартална основа доставуваше извештаи до Управниот и Надзорниот одбор.

### 2.5.12. Човечки ресурси

Централна кооперативна банка својата успешност ја заснова благодарение на современиот пристап во управувањето со човечките ресурси кое се состои од нивно соодветно ангажирање, оценка и вреднување на нивните перформанси, како и нивно стручно усовршување во одредени области.

Во текот на 2020 година, во Банката беа вработени 23 лица, а, исто така, од Банката заминаа 29 лица, со што вкупниот број на вработени на 31.12.2020 година изнесува 252.

Банката се грижи за континуирано подобрување и унапредување на квалификациската структура на своите вработени, со едуцирање на постојните вработени, како и вработување нов, стручен и квалитетен кадар.

**Табела 20: Квалификациска структура на вработените во споредба со претходни години:**

| Опис | Состојба | | | Структура | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2018 | 2019 | 2020 | 2018 | 2019 | 2020 |
| Доктори на наука | 3 | 3 | 3 | 1% | 1% | 1% |
| Магистри на наука | 37 | 34 | 31 | 15% | 13% | 12% |
| Високо образование | 179 | 187 | 181 | 71% | 72% | 72% |
| Вишо образование | 6 | 5 | 6 | 2% | 2% | 2% |
| Средно образование | 28 | 29 | 31 | 11% | 11% | 12% |
| Вкупно | **253** | **258** | **252** | **100%** | **100%** | **100%** |

Во текот на 2020 година, Банката продолжи со реализација на обуки и стручни усовршувања на вработените. Темите на обуките произлегоа од идентификуваните потреби за обука и законските барања за конкретна специјализација и знаење. Овие обуки беа спроведени, како од интерни обучувачи, така и од екстерни агенции, компании и институции. Најголем број од остварените обуки беа во насока на воведување на нововработените лица, како и оспособување на вработените за примена на политиките, процедурите и упатствата на Централна кооперативна банка. Исто така, се реализираа обуки за примена на нови законски барања, управување со ризици, управување со човечките ресурси, спречување перење пари и финансирање тероризам, заштита на лични податоци, обуки за безбедност и здравје при работа и слично.

Како резултат на соработката со универзитетите во земјата, за стручен развој и стекнување работно искуство на младите студенти кои имаат интерес за работа во банкарскиот сектор во Република С. Македонија, во текот на 2020 година, беа спроведени поголем број работни практики на студентите, со тенденција во иднина овој број постојано да се зголемува. Исто така, во соработка со Агенцијата за вработување на РС Македонија беа спроведени и практични обуки на лица до 29-годишна возраст сè со цел за нивно полесно вработување во банкарскиот сектор.
Условите во кои Дирекцијата за човечки ресурси ја остваруваше својата активност во текот на 2020 година, пред сè, беа определени од ефектите од здравствената и економската криза која започна во 2020 година. Во периодот кога Светската здравствена организација прогласи пандемија заради ширењето на вирусот Ковид-19, Дирекцијата во своето работење преземаше интензивни активности и работењето во целост го приспособи со препораките и уредбите донесени од страна на Владата заради заштита на здравјето на вработените и на клиентите. Беа преземени бројни организациско-технички активности кои, воедно, обезбедија континуитет на

деловните операции и овозможија на безбеден начин услугите да им бидат достапни на клиентите. Беа изготвени бројни одлуки, упатства и правилници за заштита на вработените во услови на пандемија и за системот на работа од дома и согласно на тоа на сите вработени кои беа вклучени во тие ротирачки тимови им беа изготвени анекси кон договорот за вработување за системот работа од дома придружени со целокупната документација согласно со Правилникот. Исто така, им беше дозволено отсуство од работното место на сите вработени кои беа опфатени со мерките донесени од страна на Владата, како: бремени жени, хронично болни и мајки на деца до 10 години.

### 2.5.13. Финансиска контрола

Дирекцијата за финансиска контрола ги обединува работењето на Службата за сметководство и Службата за менаџерска контрола.

Дирекцијата за финансиска контрола, во текот на 2020 година, изврши приспособување на своето работење на новонастанатата состојба поврзана со здравствената криза предизвикана од пандемијата Ковид-19. Така, кризата наметна нов начин на работа, при што вработените работеа од далечина по принцип на ротација и следствено беше направена измена на внатрешните процедури и постапки во поглед на проверката, одобрувањето и исплатата на трошоците.

Покрај редовните активности во делот на финансиско-сметководственото работење, Дирекцијата во изминатата година продолжи да го унапредува известувањето и да врши измени и дополнувања на интерни акти од делокругот на нејзиното работење. Дирекцијата тесно соработуваше со останатите дирекции во Банката и беше нивна поддршка во подготовката на бројни заднински операции, со што даде свој придонес кон брзата и квалитетна услуга за клиентите на Банката.

### 2.5.14. Внатрешна ревизија

При извршувањето на своите активности, примарните цели на Внатрешната ревизија беа насочени кон обезбедување независна и објективна оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола, оценка на спроведувањето на политиките за управување со ризиците, оценка на поставеноста на информативниот систем, оценка на точноста и веродостојноста на трговските книги и финансиските извештаи, проверка на точноста, веродостојноста и навременоста во известувањето согласно со прописите, следење на почитувањето на прописите, етичкиот кодекс, политиките и процедурите и оценка на системите за спречување перење пари и оценка на услугите што Банката ги добива од друштвата за помошни услуги.

Активностите беа спроведувани во согласност со меѓународната професионална рамка за вршење внатрешна ревизија, позитивните прописи, етичкиот кодекс на Банката и сетот акти со кои интерно се уредува работењето на Внатрешната ревизија. Внатрешната ревизија, исто така, е посветена на континуирано подобрување на квалитетот на ревизорскиот персонал преку континуиран професионален развој.

За својата работа и ревизорските ангажмани, Службата редовно на месечна и квартална основа доставуваше извештаи до Надзорниот одбор и до Одборот за ревизија. Во согласност со регулаторната рамка, Службата за внатрешна ревизија достави и полугодишен и годишен извештај до Надзорниот одбор и до Одборот за ревизија на Банката.

За остварување на своите цели, Внатрешната ревизија спроведе планирани (редовни) ревизии, кои ги предвиде со Годишниот план за работа и непланирани (вонредни) ревизии- по барање на менаџментот на Банката.

Воедно, Внатрешната ревизија изврши дополнителни активности, обезбедувајќи независни и објективни консултантски услуги на менаџментот на Банката, примарно во однос на унапредување на системите за управување со ризици, системот на интерни контроли и корпоративното управување, како и актите кои го определуваат истото.

Имплементираниот систем на мониторинг на статусот на ревизорските наоди обезбеди можност за вонтеренско следење[7] на преземените корективни активности дефинирани со средниот менаџмент и/или Управниот одбор на Банката, во рамки на договорените рокови, квартално следење на статусот на сите изречени препораки, мониторинг/follow up ревизии во клучни сегменти и преку редовни ревизии во кои имплементацијата на препораките беше дел од предметот на ревизија.

Во известувачкиот период, ревизорскиот тим беше составен од три вработени лица, од кои едно вработено лице со професионално звање овластен ревизор и два помлади ревизори. Внатрешната ревизија е усогласена со законската одредба дека најмалку едно од вработените лица треба да е овластен ревизор. Во овој период имавме флуктуација и промена на кадар во службата. Исто така, треба да се напомене дека во тековната 2020 година, генерално во светски рамки бевме погодени од здравствената криза од пандемијата со Ковид-19, која се прелеа врз економиите и банкарскиот сектор. Генерално, Годишниот план за ревизија беше исполнет со мали измени и приспособувања како резултат на мерките на Владата на РСМ поради пандемијата со Ковид-19 и поради отежнато доставување документација за ревизија, од една страна, и промена во човечките ресурси во Службата, од друга страна. Како резултат на наведеното, се одлучивме за одложување на ревизорскиот ангажман управување со ликвидносниот ризик во 2021 година со оглед на извршената промена во регулаторната рамка за управувањето со ликвидносниот ризик, која ќе се применува од 1 јануари 2021 година и оценката на управувањето со ликвидносниот ризик согласно со последниот ревизорски ангажман. Од Надзорниот одбор беше побарано одложување на овој ревизорски ангажман и опфаќање на истиот со Годишниот план за 2021 година, со цел да се опфати и усогласеноста на Банката во овој сегмент со промените во регулативата.

Во 2020 година беше извршена реализација на 16 редовни ревизорски ангажмани дефинирани со Планот за работа за 2020 година и 6 вонредни ревизорски ангажмани.

Вонредни ревизии беа спроведени според нашето професионално расудување врз благајничкото работење и опслужувањето банкомати, сегменти од работењето на експозитурите, и тоа кај пет експозитури, како и сегменти од кредитното работење на Банката, кај продуктите со кои се опфатени клиентите евидентирани во единствениот регистар на земјоделски стопанства.

**Претседател на Управен одбор,**
**Неделин Валчев**

______________________________

**Член на Управен одбор,**
**Станимир Станчев**

______________________________

**Член на Управен одбор,**
**Орце Трајковски**

______________________________

[7]Теренско следење на препораките беше исклучено поради мерките на Владата во врска пандемијата од Ковид-19

## Прилог 1: Биланс на успех

| 1.1.- 31.12.2020 | во 000 денари | | | Индекс | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Опис** | **2020** | **2019** | **План 2020** | **2020 / 2019** | **2020 / ПЛАН** |
| Приходи од камата | 404,607 | 406,394 | 442,862 | 100 | 91 |
| Расходи за камата | (124,538) | (127,846) | (136,038) | 97 | 92 |
| ***Нето-приходи/(расходи) од камата*** | **280,069** | **278,548** | **306,824** | **101** | **91** |
| Приходи од провизии и надоместоци | 132,980 | 117,138 | 125,030 | 114 | 106 |
| Расходи за провизии и надоместоци | (45,341) | (41,637) | (43,665) | 109 | 104 |
| ***Нето-приходи/(расходи) од провизии и надоместоци*** | **87,639** | **75,501** | **81,365** | **116** | **108** |
| ***Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики*** | 9,801 | 8,609 | 8,733 | 114 | 112 |
| Останати приходи од дејноста | 9,518 | 13,021 | 12,731 | 73 | 75 |
| Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа | (19,993) | (27,728) | (28,093) | 72 | 71 |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа | (27) | 1,685 | 133 | -2 | - |
| Трошоци за вработените | (161,354) | (157,797) | (162,237) | 102 | 99 |
| Амортизација | (32,410) | (33,209) | (33,948) | 98 | 95 |
| Останати расходи од дејноста | (154,104) | (147,589) | (150,983) | 104 | 102 |
| **Добивка/(загуба) пред оданочување** | **19,139** | **11,041** | **34,525** | **173** | **55** |
| Данок на добивка | 2,117 | (1,203) | 3,639 | - | 58 |
| **Добивка/(загуба) за финансиската година** | **17,022** | **9,838** | **30,886** | **173** | **55** |

**Прилог 2: Биланс на состојба**

| *31 декември* | во 000 денари | | | Индекс | |
|---|---|---|---|---|---|
| Опис | 2020 | 2019 | План 2020 | 2020 / 2019 | 2020 / ПЛАН |
| Парични средства и парични еквиваленти | 1,378,529 | 2,159,299 | 1,879,468 | 64 | 73 |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | 7,179,750 | 6,782,698 | 7,638,605 | 106 | 94 |
| Вложувања во хартии од вредност | 1,165,615 | 918,373 | 1,048,138 | 127 | 111 |
| Побарувања за данок на добивка (тековен) | - | - | - | - | - |
| Останати побарувања | 194,874 | 38,209 | 38,469 | 510 | 507 |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | 969 | 133 | - | - | - |
| Нематеријални средства | 63,747 | 69,827 | 66,536 | 91 | 96 |
| Недвижности и опрема | 583,365 | 599,859 | 601,923 | 97 | 97 |
| **Вкупно актива** | **10,566,849** | **10,568,398** | **11,273,139** | **100** | **94** |
| Депозити на банките | 5,482 | 11,051 | 11,051 | 50 | 50 |
| Депозити на други комитенти | 8,921,302 | 8,913,758 | 9,615,218 | 100 | 93 |
| Обврски по кредити | - | 29,577 | - | - | - |
| Субординирани обврски | 312,446 | 311,156 | 311,156 | 100 | 100 |
| Посебна резерва и резервирања | 2,256 | 971 | 971 | 232 | 232 |
| Останати обврски | 83,842 | 78,249 | 80,354 | 107 | 104 |
| **Вкупно обврски** | **9,325,328** | **9,344,762** | **10,018,750** | **100** | **93** |
| Запишан капитал | 1,397,967 | 1,397,967 | 1,397,967 | 100 | 100 |
| Премии од акции | 524 | 524 | 524 | 100 | 100 |
| Ревалоризациски резерви | 996 | 133 | - | 749 | - |
| Останати резерви | 39,923 | 30,085 | 30,085 | 133 | 133 |
| Задржана добивка/(Акумулиран а загуба) | -197,889 | (205,073) | -174,187 | 96 | 114 |
| Вкупно капитал и резерви | **1,241,521** | **1,223,636** | **1,254,389** | **101** | **99** |
| **Вкупно пасива** | **10,566,849** | **10,568,398** | **11,273,139** | **100** | **94** |

## Прилог 3: Организациска шема



## Прилог 4: Податоци за членовите на одборите

| *Претседател на Надзорен одбор* | *Тихомир Ангелов Атанасов* |
|---|---|
| *Година на раѓање* | *1972* |
| *Пол* | *Машки* |
| *Професионален ангажман* | *1.Прокурист во „Централна кооперативна банка“ АД Софија<br>2.Овластен претставник на „Централна кооперативна банка“ АД Софија во Надзорниот одбор на Осигурително и реосигурително акционерско друштво „АРМЕЕЦ“ АД СОФИЈА* |
| *Податоци за материјалните надоместоци и други права од договори за работи* | *Податоците за примањата се од доверлив карактер и не може да бидат објавени* |
| *Државјанство* | *Бугарско* |
| *Датум на првично именување* | *20.6.2008 година* |
| *Постоен мандат* | *4 години* |
| *Податоци за членување во други органи на надзор* | *„ЧЕЗ Распределение Бугарија“ АД СОФИЈА* |
| *Податоци за членување во други органи на управување* | *1. „ЦКБ ГРУП“ ЕАД СОФИЈА<br>2. „ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА“ АД СОФИЈА* |
| *Податоци за членување во други органи* | *Член на Одборот за ревизија на Централна коопретивна банка АД Скопје* |
| *Надоместок кој го добиваат членовите на Одборот* | *За учество на седница на Надзорниот одбор, во 2020 година се исплаќаше нето-надоместок од 500 евра во денарска противвредност.<br>За учество на седница на Одборот за ревизија, во 2020 година се исплаќаше нето-надоместок од 400 евра во денарска противвредност.* |

| ***Член на Надзорен одбор*** | ***Д-р Георги Димитров Константинов*** |
| --- | --- |
| ***Година на раѓање*** | *1966* |
| ***Пол*** | *Машки* |
| ***Професионален ангажман*** | *1.Извршен директор и член на Управниот одбор во „Централна кооперативна банка“ АД Софија* |
| ***Податоци за материјалните надоместоци и други права од договори за работи*** | *Податоците за примањата се од доверлив карактер и не може да бидат објавени* |
| ***Државјанство*** | *Бугарско* |
| ***Датум на првично именување*** | *20.6.2008 година* |
| ***Постоен мандат*** | *4 години* |
| ***Податоци за членување во други органи на надзор*** | *„ЧЕЗ Електро Бугарија“ АД СОФИЈА* |
| ***Податоци за членување во други органи на управување*** | *1. „Централна кооперативна банка“ АД СОФИЈА*<br>*2. „ЦКБ АСЕТС МЕНАЏМЕНТ“ ЕАД СОФИЈА*<br>*3. „БОРИКА – БАНКСЕРВИЗ“ АД* |
| ***Податоци за членување во други органи*** | *Член на Одборот за ревизија на Централна кооперативна банка АД Скопје* |
| ***Надоместок кој го добиваат членовите на Одборот*** | *За учество на седница на Надзорниот одбор, во 2020 година се исплаќаше нето-надоместок од 500 евра во денарска противвредност.*<br>*За учество на седница на Одборот за ревизија, во 2020 година се исплаќаше нето-надоместок од 400 евра во денарска противвредност.* |

| Член на Надзорен одбор | Христо Георгиев Христов |
|---|---|
| Година на раѓање | 1968 |
| Пол | Машки |
| Професионален ангажман | Адвокатска канцеларија Христо Христов |
| Податоци за материјалните надоместоци и други права од договори за работи | Податоците за примањата се од доверлив карактер и не може да бидат објавени |
| Државјанство | Бугарско |
| Датум на првично именување | 20.6.2008 година |
| Постоен мандат | 4 години |
| Податоци за членување во други органи на надзор | Не членува во други органи на надзор |
| Податоци за членување во други органи на управување | Не членува во други органи на управување |
| Податоци за членување во други органи | Член на Одборот за ревизија на Централна кооперативна банка АД Скопје |
| Надоместок кој го добиваат членовите на Одборот | За учество на седница на Надзорниот одбор, во 2020 година се исплаќаше нето-надоместок од 500 евра во денарска противвредност.<br>За учество на седница на Одборот за ревизија, во 2020 година се исплаќаше нето-надоместок од 400 евра во денарска противвредност. |

| ***Член на Надзорен одбор*** | ***Љубен Лилјанов Нанов*** |
|---|---|
| ***Година на раѓање*** | *1971* |
| ***Пол*** | *Машки* |
| ***Професионален ангажман*** | *Финансиски директор во Бугарски државни железници - Товарени превози ДООЕЛ* |
| ***Податоци за материјалните надоместоци и други права од договори за работи*** | *Податоците за примањата се од доверлив карактер и не може да бидат објавени* |
| ***Државјанство*** | *Бугарско* |
| ***Датум на првично именување*** | *20.6.2008 година* |
| ***Постоен мандат*** | *4 години* |
| ***Податоци за членување во други органи на надзор*** | *1. „Шеќерни заводи ЕАД“, град Горна Ораховица* |
| ***Податоци за членување во други органи на управување*** | *1. „Бугарски државни железници - Товарени превози“ ДООЕЛ Национален железнички превезувач* |
| ***Надоместок кој го добиваат членовите на Одборот*** | *За учество на седница на Надзорниот одбор, во 2020 година се исплаќаше нето-надоместок од 500 евра во денарска противвредност.* |

| ***Член на Надзорен одбор*** | ***Киро Костов*** |
|---|---|
| ***Година на раѓање*** | *1954* |
| ***Пол*** | *Машки* |
| ***Професионален ангажман*** | *„Центар за процена“ ДОО Скопје<br>„Трговец поединец судски вештак Киро М. Костов ТП“* |
| ***Податоци за материјалните надоместоци и други права од договори за работи*** | *Освен примањата од Централна кооперативна банка АД Скопје, остварени се примања во нето-износ од 674.012,00 денари.* |
| ***Државјанство*** | *Македонско* |
| ***Датум на првично именување*** | *1.2.2010 година* |
| ***Постоен мандат*** | *3 години* |
| ***Податоци за членување во други органи на надзор*** | *Не членува во други органи на надзор* |
| ***Податоци за членување во други органи на управување*** | *„Делта консалтинг ДООЕЛ“* |
| ***Надоместок кој го добиваат членовите на Одборот*** | *За учество на седница на Надзорниот одбор, во 2020 година се исплаќаше нето-надоместок од 500 евра во денарска противвредност.* |

| ***Член на Одборот за ревизија*** | ***Соња Чулева*** |
|---|---|
| ***Година на раѓање*** | *1952* |
| ***Пол*** | *Женски* |
| ***Професионален ангажман*** | *Овластен ревизор* |
| ***Државјанство*** | *Македонско* |
| ***Датум на првично именување*** | *15.5.2008 година* |
| ***Постоен мандат*** | *4 години* |
| ***Податоци за членување во други органи на надзор*** | *Нема* |
| ***Податоци за членување во други органи на управување*** | *Управител и сопственик на ревизорска канцеларија „Ревизија Чулева“, Скопје* |
| ***Надоместок кој го добиваат членовите на Одборот*** | *За учество на седница на Одборот за ревизија, во 2020 година се исплаќаше нето-надоместок од 400 евра во денарска противвредност.* |

| ***Член на Одборот за ревизија*** | ***Власте Савевски*** |
|---|---|
| *Година на раѓање* | *1953* |
| *Пол* | *Машки* |
| *Професионален ангажман* | *Пензионер* |
| *Државјанство* | *Македонско* |
| *Датум на првично именување* | *15.5.2008* |
| *Постоен мандат* | *4 години* |
| *Податоци за членување во други органи на надзор* | *нема* |
| *Податоци за членување во други органи на управување* | *Член на Управниот одбор на Силекс АД Кратово* |
| *Надоместок кој го добиваат членовите на Одборот* | *За учество на седница на Одборот за ревизија, во 2020 година се исплаќаше нето-надоместок од 400 евра во денарска противвредност.* |

# Централна кооперативна банка АД Скопје

Согласно член 384-а од Законот за трговските друштва, Управниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје, ја дава следната

Централна кооперативна банка АД
Бр. 02 - 4668
16.04 2021 год.
СКОПЈЕ

**ИЗЈАВА**
**за примена на кодекс за корпоративно управување**

Ние, долупотпишаните членови на Управниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје изјавуваме дека:

ЦКБ АД Скопје го применува Кодексот за корпоративно управување на Банката заведен со арх. бр. 0204-126/1, усвоен на седница на Надзорниот одбор на Банката, одржана на ден 26.08.2019 година и истиот е објавен на интернет страницата на Банката.

ЦКБ АД Скопје во целост ги почитува и применува одредбите од Кодексот за корпоративно управување. Истиот е усогласен со законската и подзаконската регулатива и претставува збир на принципи и правила за регулирање на заемните односи меѓу Управниот одбор, другите лица со посебни права и одговорности кои извршуваат раководна функција во Банката, Надзорниот одбор, акционерите на Банката и останатите заинтересирани лица.

Отстапувања од Кодексот за корпоративно управување на ЦКБ АД Скопје не постојат и правилата на Кодексот претставуваат обврска за сите органи и за вработените во Банката.

**Претседател на Управен одбор**
Неделин Валчев

**Член на Управен одбор**
Орце Трајковски

**Член на Управен одбор**
Станимир Станчев

Централна кооперативна банка * Скопје *